**Агенција за електронски комуникации**
ул.“Димитрие Чуповски“ бр.13
1000 Скопје
тел. 02/3289-200; факс. 02/3224-611
www.aec.mk

# Финален документ за анализа на пазар

# “ПАЗАР 16- Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи (релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо)“

## (со вклучени мислења од заинтересираните страни)

Скопје, 14.05.2010 година

## Содржина

1 Правна основа за втора анализа на пазарот 16 ........ 4
2 Цели ........ 4
3 Дефиниции ........ 5
4 Постапка во втората анализа на пазарот 16 ........ 6
5 Преглед на понудата на јавни мобилни комуникациски услуги ........ 7
5.1 Надоместоци за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи ........ 11
5.2 Прашалници за пазарот 16 ........ 11
6 Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата ........ 12
6.1 Одговор на предлогот на Комисијата за заштита на конуренцијата ........ 12
7 Дефинирање на пазарот ........ 20
7.1 Вовед ........ 20
7.2 Дефинирање на пазарот на производи и услуги (пазар 16) ........ 20
7.3 Супституција на страната на побарувачката ........ 21
8 Дефинирање на географскиот пазар ........ 39
9 Значителна пазарна моќ ........ 42
10 Обврски на операторите со значителна пазарна моќ ........ 49

## Заклучок од анализа на релевантниот пазар 16

На 22.01.2010 година Агенцијата за електронски комуникации објави на јавна расправа Нацрт документ за анализа на Пазар 16 – Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи. Краен рок за доставување на коментарите и милењата на заинтересираните страни по Нацрт документот беше 22.02.2010 година, каде што Т-Мобиле Македонија, ОНЕ Оператор, ВИП Оператор, Актон ДООЕЛ и операторот Неотел доставија свои забелешки до АЕК.

АЕК им се заблагодарува на заентересираните страни за доставените коментари и забелешки по Нацрт документот. Истите се составен дел на овој документ.

По добивањето на коментарите АЕК ги разгледа истите и согласно член 105 од Законот за електронски комуникации ги покани заентересираните страни на јавен состанок. Состанокот се одржа на ден 15.03.2010 година во просториите на КМЦ Зајчев Рид Скопје.

Со овој документ АЕК смета дека Операторите Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје се оператори со значителна пазарна моќ. АЕК е на ваквиот став при определувањето на оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар, од причина што во анализата на пазарот се констатираше дека пазарот ќе биде поделен на три под пазари. После поделбата на пазарот на три посебни подпазари АЕК дојде до констатација дека на анализираниот пазар нема ефикасна конкуренција, а тоа го покажува пазарното учество кое изнесува 100% пазарен удел за завршување на повик во сопствената мрежа и останатите критериуми согласно ЗЕК.

Врз основа на спроведената анализа на расположивите податоци, Агенцијата за електронски комуникации на Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје како оператори со значителна пазарна моќ на пазарот 16 – Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи им ги наметнува следните обврски:

- Интерконекција и пристап,
- Транспарентност при интерконекција и пристап,
- Недискриминација при интерконекција и пристап,
- Посебно сметководство за активности поврзани со интерконекција и пристап,
- Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци за интерконекција и пристап.

# 1 Правна основа за втора анализа на пазарот 16

Законот за електронските комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2005, 14/2007,55/2007и 98/2008) ги уредува условите за надзор и користење на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија. Агенцијата за електронски комуникации согласно Законот за електронските комуникации и подзаконските акти, во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, обезбедува услови за ефикасна конкуренција и со тоа овозможува еднакво делување на операторите на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија.

Согласно своите работни обврски Агенцијата за електронски комуникации спроведе втора анализа на пазарот 16: Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, кој припаѓа во релевантните пазари за продажба на производи и услуги на големо.

# 2 Цели

Агенцијата за електронски комуникации во Јули 2007 година заврши со првата анализата на пазарот 16: Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи. Врз основа на спроведената анализа ги определи Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и Космофон Услуги на мобилна телефонија АД Скопје (правен претходник на ОНЕ АД Скопје) за оператори со значителна пазарна моќ на релевантен пазар 16.
АЕК во Јуни, 2009 започна со втора анализа на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи. Основната цел на втората анализа на овој пазар е да се определи дали на пазарот има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна мобилна комуникациска мрежа кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори или даватели на услуги да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

# 3 Дефиниции

Согласно член 4 од Законот за електросннки комуникации став 1 точка 7:
**Јавна мобилна комуникациска мрежа** (во понатамошниот текст мобилна мрежа) е електронска комуникациска мрежа што се користи за обезбедување на мобилни комуникациски услуги достапни на јавноста.

Согласно член 40 од Законот за електросннки комуникации став 1:
**Оператор со значителна пазарна моќ** е оператор на јавна комуникациска мрежа или давател на јавна комуникациска услуга ќе се смета дека поседува значителна пазарна моќ на релевантен пазар на јавни комуникациски мрежи или услуги во определено географско подрачје, доколку има моќ и капацитет самостојно или со други оператори или давители на услуги да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата.

Согласно член 40 од Законот за електронски комуникации став 2:
**Оператори со значителна пазарна моќ** се јавуваат доколку два или повеќе оператори работат на релевантен пазар чија структура им овозможува координирани ефекти или паралелни активности, и тие може да бидат третирани како оператори кои заеднички поседуваат значителна пазарна моќ на релевантен пазар, дури и во отсуство на структурни или други врски меѓу нив.

Согласно член 40 став 3 "ако еден оператор или давател на услуга има значителна пазарна моќ на релевантен пазар тој ќе се смета дека има значителна пазарна моќ и на друг близок пазар доколку врските меѓу двата пазари се такви што дозволуваат пазарната моќ од едниот пазар да се префрли на другиот пазар'.

Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 1:
**Доминантна позиција на релевантен пазар**: Едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид стоки и/или услуги:
1.Нема конкуренти на релевантиот пазар и
2.Во споредба на своите конкуренти има водечка позиција на релевантниот пазар, а особено со оглед на:
- Пазарниот удел и позиција
- Финансиска моќ
- Пристапот до изворите на набавка или на пазарот
- Правните или физичките пречки за влез на другите претпријатија на пазарот
- Способноста за диктирање на пазарните услови со оглед на неговата понуда или побарувачка и

- Способноста за исклучување на другите конкуренти на пазарот со насочување кон други претпријатија.

Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 2 “две или повеќе претпријатија имаат доминантна позиција на релевантниот пазар за определен вид стоки и/или услуги меѓу нив не постои некоја значителна конкуренција, воопшто или само на некои релевантни пазари и ако тие заедно ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член’.

Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 3 “се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговото учество на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40%, освен ако претпријатието не го докаже спротивното’.

Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 4 “се претпоставува дека две или повеќе претпријатија имаат доминантна позиција ако нивното учество на релевантен пазар изнесува повеќе од 60%’.

## 4 Постапка во втората анализа на пазарот 16

Постапката на определување на оператори со значителна пазарна моќ во областа на електронските комуникации се состои од три основни чекори:

- Првиот чекор се однесува на утврдување на релевантните пазари во областа на електронските комуникации. Согласно член 41 од Законот за електронските комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на 17.08.2005 година донесе Одлука за утврдување на релевантни пазари, во согласност со утврдените релевантни пазари во препораката на Европската Комисија за релевантни пазари на производи и услуги, објавена во службено гласило на Европската Унија (OJ.L 114 од 08.05.2003 година).
- Во вториот чекор Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата спроведува анализа на релевантниот пазар, во рамките на која се утврдува дали пазарот е развиен и дали на пазарот постои конкуренција.
- Во третиот чекор, согласно член 41 став (3) од Законот за електронските комуникации (“Службен весник на Република Македонија“, бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) доколку Агенцијата за електронски комуникации врз основа на спроведената втора анализа утврди дека на пазарот сеуште нема доволно конкуренција, или условите на пазарот не покажуваат приближување кон состојба на ефективна конкуренција, АЕК има обврска во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата да одлучи

кој или кои оператори имаат значителна пазарна моќ на тој пазар и да ги определи соодветните обврски во насока на обезбедување на фер и целосна конкуренција на пазарот.

# 5 Преглед на понудата на јавни мобилни комуникациски услуги

За завршување на повик во јавна мобилна телекомуникациска мрежа потребно меѓусебно поврзување на мрежите врз основа на договорите за интерконекција помеѓу операторите. Поврзувањето на мрежите може да се оствари преку директно поврзување со мрежата на операторот за завршување на повик или преку посредство на трета страна (за транзитирање на повик). Договорите за интерконекција помеѓу операторите ги регулираат надоместоците и условите за интерконекција помеѓу операторите потписници на таквиот договор. Во Р.Македонија надоместоците за завршување на повик се пресметуваат исклучиво врз основа на реализиран сообраќај, односно не се пресметува надоместок за воспоставување на повик. Размената на сообраќајот во мобилните мрежи се одвива преку интерконекциските точки предвидени во самите договори за интерконекција помеѓу операторите.

Договорите за транзит (овозможување на поврзување со посредство на трета страна) се важни од аспект на овозможување на поврзување на помалите оператори со другите мобилните мрежи.

Во овој момент завршувањето на повик во мобилни мрежи кој започнал во друга мобилна мрежа се остварува исклучиво по пат на директни интерконекции. Завршување на повик кој започнал од друга мобилна мрежа преку основа на транзит моментално нема примена на пазарот за завршување на повик во мобилни мрежи. Но сепак, сосема очекувано е вакво завршување на повик да почне да се остварува во блиска иднина со евентуалната појава на виртуелни мобилни оператори на пазарот за завршување на повик.

За разлика од завршување на повикот од други мобилни мрежи која што исклучиво се одвива со директна интерконекција помеѓу операторите, завршување на повик од јавни фиксни комуникациски мрежи и завршување на повик од мрежи во странски држави се одвива и преку транзитирање на повик преку друга мрежа на оператор кој има склучено договор со операторот во чија што мрежа треба да заврши повикот. Во случај на користење на транзит на повик, операторот и/или давателот на услуга од чија што мрежа започнува повикот му плаќа определен надоместок на операторот кој што има склучено интерконекциски договор со операторот во чија што мрежа треба да заврши повикот за користењето на мрежата за повикот да може да заврши до бараната локација. На тој начин преку транзит на повик малите оператори и/или даватели на услуги можат да имаат бенефит од интерконекциските договори со поголемите оператори.

Мобилните оператори кои што технички и економски овозможуваат завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи до крајни корисници се релеванти оператори на релевантниот пазар за мобилна телефонија.

Во Р.Македонија во моментов постојат три оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и истите се и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги: Т-мобиле Македонија АД Скопје, ОНЕ АД Скопје и ВИП оператор кои што имаат национална мрежа и кои што го контролираат завршувањето на повик до крајните корисници.

Согласно Законот за телекомуникациите (Службен весник на РМ бр. 33/96, 17/98, 28/2000, 4/2002 и 37/2004) меѓу Министерстов ото за транспорт и врски и Мобимак (правен претходиник на Т-Мобиле Македонија АД за мобилни комуникации Скопје), на ден 05.06.2001 е склучен договор за концесија кој што престанува да важи на 04.09.2008 година врз основа на член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 98/08).Во месец Септември 2005 година е извршена нотификација на Т-Мобиле Македонија во служената евиденција на АЕК која што нотификација е дополнета во Септември 2008 година.Операторот Т-Мобиле Македонија на ден 17.12.2008 година доби одобрение за користење на радиофреквенции за обезбедување на 3G услуги како техничко технолошка надградба на своите капацитети.

Согласно Законот за телекомуникациите (Службен весник на РМ бр. 33/96, 17/98, 28/2000, 4/2002 и 37/2004) меѓу Министерствовото за транспорт и врски и МТС услуги на мобилна телефонија (правен претходиник на Космофон услуги на мобилна телефонија АД Скопје), на ден 21.12.2001 е склучен договор за концесија и истиот престанува да важи на 04.09.2008 година врз основа на член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 98/08). Агенцијата за електронски комуникации во текот на месец Декември 2005 година изврши нотификација на Космофон услуги на мобилна телефонија АД Скопје во службената евиденција на АЕК, која што во месец Септември 2008 година со престанокот на концесискиот договор е дополнета.Операторот Космофон на ден 11.02.2008 година се здоби со одобрение за користење на радио фреквенции за обезбедување на мобилни услуги од трета генерација на мрежи (3G), и со истата се здоби со можност за проширување на понудениот спектар на услуги во рамките на својата мобилна мрежа. Космофон АД Скопје достави Решение за упис на промена во Централен Регистар од 30.10.2009 година со кое решение е извршена измена на називот од Космофон АД Скопје во ОНЕ Телекоминикациски услуги АД Скопје.

ВИП оператор се нотифицираше во службената евиденција на АЕК на ден 21.03.2007 година. Во септември 2007 година, отпочна со нудење на услуги на пазарот на мобилна

телефонија. Овој оператор сеуште не нуди мобилни услуги од третата генерација на мрежи.




Графикон 1

Пазарен удел на вкупниот пазар[1] за завршување на повик во мобилни мрежи во Р.Македонија според остварен сообраќај (во минути) за период од 01.01.2008 – 30.06.2009 година




Графикон 2

Пазарен удел на вкупниот пазар[1] за завршување на повик во мобилни мрежи во Р.Македонија според остварен приход за период од 01.01.2008 – 30.06.2009 година.

Агенцијата за електронски комуникации ги определи операторите кои делуваат на пазарот 16 и кои ќе бидат предмет на втората анализа на овој пазар и тие се:

- Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје (во понатамошниот текст Т-Мобиле) со сопствена мрежа за обезбедување на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.
- ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје (во понатамошниот текст ОНЕ) со сопствена мрежа за обезбедување на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.
- ВИП Оператор, Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ, Скопје (во понатамошниот текст ВИП) со сопствена мрежа за обезбедување на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.

***Коментар на ВИП Оператор***:

*Наведено е следново: "Во Р.Македонија во моментов постојат три оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и истите се и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги: Т-мобиле Македонија АД Скопје, ОНЕ АД Скопје и ВИП оператор кои што имаат национална мрежа и кои што го контролираат завршувањето на повик до крајните корисници."*

*Своевиден доказ за тоа дека Вип оператор не е во можност самостојно да го контролира завршувањето на повик во сопствената мобилна мрежа се и навистина премалите удели прикажани на Графиконите 1 и 2 во овој член, според кои Вип оператор на севкупниот пазар за завршување на повик во мобилни мрежи има 4% од вкупно реализираните минути на завршување на повик во мобилни мрежи и 7% од вкупните приходи остварени во врска со тоа.*

*Сумарно, слободно можеме да заклучиме дека во изминативе три години по добивањето на Одобрение за користење на радиофреквенции на 23.03.2007 година, Вип оператор ниту еднаш немал било каква пазарна моќ (а уште помалку значителна) да го контролира обезбедувањето на услугата за завршување повик во својата мобилна мрежа и ниту еднаш немал влијание во одредувањето на висината на надоместокот за истата, а со тоа и самостојно не можел да влијае врз постоечкото ниво на асиметрија помеѓу нашиот*

[1] Согласно анализата на пазар за завршување на повик во јавни мобилни мрежи АЕК донесе заклучок дека секој оператор на мобилна телефонија има 100% удел во пазарот за завршување на повик во сопствена мрежа.

*интерконекциски надомест и регулираниот на ТММК и Оне. Дополнително, овде сметаме дека вреди да се спомене фактот што асиметричните надоместоци за интерконекција се на сила само година и половина до моментот на објавување на нацрт Анализата што е прекраток период да се искомпензира дисбалансот помеѓу интерконекцискиот сообраќај резултат на различните економии на обем.*

**Одговор на коментар:**
*Агенцијата не се согласува со ваквиот став на Операторот и смета дека во рамките на вкупниот пазар за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, секој оператор има значителна пазарна моќ што му дозволува да самиот ја определи висината на надоместоците за услугите опфатени со тој пазар. Исто така АЕК би сакала да објасни дека целокупниот пазар за завршување на повик е поделен на три одвоени под пазари по оператори односно секоја мрежа на еден оператор преставува оделен пазар.*

## 5.1 Надоместоци за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи

| | Нормална тарифа Денари за минута разговор | Ефтина тарифа Денари за минута разговор |
|---|---|---|
| Т-Мобиле | 3,80 | 3,80 |
| ОНЕ | 3,80 | 3,80 |
| ВИП | 5,85 | 5,85 |

## 5.2 Прашалници за пазарот 16

Со цел прибирање на податоци кои се користеа при изработка на првата анализа на релевантниот пазар 16 во Јули 2007 година Агенцијата за електронски комуникации изготви прашалници кои беа доставени до двата оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи, Т-Мобиле и Космофон АД Скопје (правен претходник на ОНЕ АД Скопје) . Врз основа на податоците обезбедени од овие прашалници Агенцијата за електронски комуникации при спроведување на анализата на овој пазар по прв пат ја определи состојбата на пазарот и соодветните обврски и одговорности, во насока на воспоставување на ефикасна конкуренција. Од Октомври 2007 година трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи, Т-Мобиле , Космофон и ВИП доставуваат до Агенцијата за електронски комуникации информации и финансиски податоци на секои

три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за анализа на пазар донесено од Комисијата како орган на ден 07.11.2007 година. Како база за спроведување на втората анализа на пазарот 16 Услуги за завршување на повик во мобилни мрежи, Агенцијата за електронски комуникации ги користеше податоците од доставените полугодишни и квартални извештаи.

# 6 Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата

Согласно член 41 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) при спроведување на втората анализа на релевантниот пазар и определувањето на оператор со значителна пазарна моќ, Агенцијата за електронски комуникации соработуваше со Комисијата за заштита на конкуренцијата. Имено, Агенцијата за електронски комуникации достави допис бр.13-4950/1 од 17.12.2009 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата со кој допис ја извести Комисијата дека процесот на втората анализа на пазарот 16: Услуги за завршување на повик во мобилни мрежи, кој припаѓа во релевантните пазари за продажба на производи и услуги на големо е во тек односно во нејзината финална фаза. Според изготвената анализа АЕК утврди дека постојните оператори на мобилни мрежи Т-мобиле, ОНЕ и ВИП имаат значителна пазарна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во сопствената мрежа.

## 6.1 Одговор на предлогот на Комисијата за заштита на конуренцијата

Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис број 03-4/1 од 04.01.2010 година го даде следното мислење:

*„Комисијата за заштита на конкуренција е согласна со начинот на кој е дефиниран релевантниот пазар во нацрт – документот за анализа на релевантниот пазар Пазар 16 – Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.*
*Истотака, Комисијата за заштита на конкуренција е согласна со ставот на Агенцијата за електронски комуникации дека Т-Мобиле Македонија Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје имаат значителна пазарна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и тоа секој во својата индивидуална мрежа.*
*Истовремено, Комисијата се согласува со обврските кои Агенцијата за електронски комуникации им ги наметнува на Т-Мобиле Македонија Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје.*

*Комисијата се согласува дека постојните обврски на Т-Мобиле Македонија Скопје и ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје треба да продолжат да важат и во иднина, а истите обврски треба да бидат наметнати и на ВИП Оператор друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје.*

*Во однос на обврската "Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци' Комисијата се согласува со Агенцијата дека по разработката на LRIC bottom-up моделот и по завршување на јавната расправа, треба да бидат имплементирани надоместоците за завршување на повик добиени со овој модел.*
*Дополнително, Комисијата за заштита на конкуренција смета дека Агенцијата за електронски комуникации треба да направи анализа и на пазарите на: Услуги за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи кои потекнуваат од мрежите на странските оператори и Услуги за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи кои транзитираат преку друга национална мрежа (национални или меѓународни повици) и во зависност од добиените резултати од истата, да ја разгледа можноста и потребата на давателите на услугите кои ги сочинуваат овие пазари да им бидат наметнати исти обврски како и оние наметнати во однос на националните повици кои завршуваат во јавни мобилни комуникациски мрежи. На овој начин, странските оператори и домашните оператори преку кои транзитираат повиците би биле ставени во еднаква положба со домашните оператори, а цената за завршување на повик би била регулирана на ист начин независно од тоа дали повикот е национален или меѓународен, со оглед на фактот што меѓу ваквите повици, а во однос на завршувањето на истите, и не постои суштествена разлика.„*

Врз основа на Наш Допис бр. 13-1239/6 од 11.05.2010, а во врска со претходно даденото Мислење на Комисијата за заштита на конкуренцијата по нацрт документот за анализа на релевантниот големопродажен пазар 16, Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр.13-1239/7 од 14.05.2010 година го даде следното мислење:

*„ По извршените дополнителни консулатации и понудени аргументи од страна на Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за заштита на конкуренцијата* ***се согласува со*** *ставот на Агенцијата за електронски комуникации дека услугата за завршување на повици во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски држави, а транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори во моментот не треба да биде сегмент опфатен во дефиницијата на пазарот бр 16– Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.*

*Имено, Комисијата за заштита на конкуренцијата се согласува со ставот на Агенцијата за електронски комуникации дека со евентуалното вклучување на услугата за завршување на повиците во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски*

*држави, а транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори во дефиницијата на пазарот бр. 16, домашните операторите би биле дискриминирани и ставени во понеповолна положба при преговарањето за склучување на договори со странските оператори. При евентуална регулација на оваа услуга, домашните оператори не би можеле да преговараат со странските оператори на еднакво рамниште, бидејќи значително би им бил ограничен просторот за преговарање за цени кои би биле поволни за нив (заради точно определената цена за терминација на повиците кои потекнуваат од странски држави, транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори, од која домашните оператори не би можеле, односно не би смееле да отстапат).*

*Дополнително, Комисијата за заштита на конкуренцијата го има предвид и искуството со регулирањето во Република Македонија на повиците во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски држави, транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните фиксни комуникациски мрежи на домашните оператори. Имено, до одобрувањето на првата Референтна понуда за интерконекција на Македонски Телеком како оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги во 2005 година, оваа услуга била предмет на комерцијални договори помеѓу Македонски Телеком и другите оператори. По одобрувањето на референтната понуда оваа услуга станала предмет на регулација. По извршената анализа за ефектот и последиците од регулирањето на цената за повици кои потекнуваат од странски држави, транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во мрежата на Македонски Телеком беше констатирано дека регулацијата на оваа услуга не придонесе за зголемување на сообраќајот од меѓународните повици кои транзитираат преку други национални мрежи и завршуваат во Република Македонија, во однос на претходната ситуација, кога истата услуга не била регулирана.*

*Сепак, и покрај фактот што Комисијата за заштита на конкуренцијата се согласува дека во моментот услугата за завршување на повиците во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски држави, а транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори не треба да биде опфатена во дефиницијата на пазарот бр 16– Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, истакнуваме дека е потребно континуирано следење на состојбите на овој пазар, како и на најновите случувања во земјите членки на ЕУ, заради обезбедување на непречен развој на ефикасна конкуренција во доменот на електронските комуникации во Република Македонија.„*

***Коментар на Т-Мобиле Македонија***:

*Би сакале да дадеме забелешка на формулацијата на ставот на Комисијата за заштита на конкуренцијата кој гласи „Во однос на обврската „Контрола на цени и обврска за сметководствона трошоци“ Комисијата се согласува со Агенцијата за електронски комуникации дека по разработката на LRIC bottom-up мод елот и по завршувањето на јавната расправа, треба да бидат имплементирани надоместоците за завршување на повик добиени со овој модел.“*

*Имено, разработката на LRIC bottom-up модел е една компонента на процесот за обезбедувањето контрола на цени и претставува независна метода на Агенцијата за утврдување на усогласеноста на операторите со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за примена на цени базирани на трошоци, и затоа истата не е основа за утврдување на цената за завршување на повик. Определувањето на цена за завршување на повик се постигнува со хармонизација на резултатите од LRIC bottom-up моделот изработен од страна на Агенцијата и LRIC top-down моделот изработен од стана на операторот со значителна пазарна моќ, согласно планираниот и презентиран процес од страна на Агенцијата за електронски комуникации.*

*Оттаму, сметаме дека Агенцијата за електронски комуникации не треба да ја земе в предвид оваа забелешка дадена од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата и очекуваме да биде следен процесот презентиран во проектниот план за развој и имплементација на bottom-up LRIC моделите.*

**Одговор на коментар:**

*АЕК се согласува со коментарот . Со овој Нацрт документ се констатира состојбата на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и во зависност од констатираната состојба се определува оператор/и кои поседуваат значителна пазарна моќ на релевантниот пазар. Респективно на тоа, на операторот кој поседува значителна пазарна моќ му се наметнуваат обврски пропорционални со бариерите за ефикасна конкуренција, констатирани со анализата. Висината на цените на регулираните услуги, предмет на оваа анализа се определува во согласност со Законот за електронски комуникации и подзаконските акти донесени врз негова основа кои детално ја уредуваат таа материја. Воедно, во соогласност со Законот за електронски комуникации член 48 став 5 АЕК при утврдување на усогласеноста на обврската за цени ориентирани според трошоци, обврска на која подлежат операторите со значителна пазарна моќ може да користи сметководствени методи кои се независни од оние кои ги користат операторите. За таа цел АЕК развива bottom- up LRIC модел кој го развива како модел кој се базира на мрежни инженерски модели кои користат најнова технологија на ефикасен начин. Бидејќи bottom-up пристапот користи инженерски модели, не мора да се базира на постоечката мрежна топологија на операторот. За потребите на развојот на моделот АЕК достави Прашалник со барања за податоци , кои се земени во предвид при развојот на истиот. Развојот и имплементацијата на резултатите од развиениот модел ќе*

*бидат предмет на јавна расправа во рок предвиден со ЗЕК. По завршување на јавната расправа, АЕК во консултација со заинтересирантие страни ќе ја определи висината на цената на услугата завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, предмет на оваа анализа.*

***Коментар на Т-Мобиле Македонија***:

*Во врска со насоките дадени од Комисијата за заштита на конкуренцијата до Агенцијата за спроведување на анализа на пазарите: Услуги за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи кои потекнуваат од мрежите на странските оператори и Услуги за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи кои транзитираат преку друга национална мрежа (национални или меѓународни повици) и разгледување на можноста на давателите на овие услуги да им се наметнат исти обврски како оние во однос на национални повици кои завршуваат во јавни мобилни комуникациски мрежи со цел цената за завршување на повик на национален и меѓународен повик да биде регулирана на ист начин, би сакале да потенцираме дека намалувањето на цената на за терминација на меѓународен сообраќај би претставувало намалување на вредноста на целиот домашен пазар на електронски комуникации, а истовремено би претставувало зголемување на добивката на меѓународните оператори на сметка на домашните оператори. Ваквиот чекор не би бил во корист ниту на домашниот пазар за електронски комуникации, ниту во корист на крајните корисници*

Одговор на коментар:
*Агенцијата се согласува со дадениот коментар од страна на операторот Т-Мобиле и смета дека со регулација на тој сегмент нема да се постигне понатамошна експанзија на пазарот на електронските комуникации ниту ќе се зголеми бенефитот на крајните корисници. Од друга страна АЕК смета дека со регулација на овој сегмент нема да се постигне зголемена конкурентност на пазарот.*

***Коментар на ВИП Оператор***:

*Во овој член меѓу другото е наведено дека: "Дополнително, Комисијата за заштита на конкуренцијата, смета дека Агенцијата за електронски комуникации треба да направи анализа и на пазарите на: Услуги за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи кои потекнуваат од мрежите на странските оператори и Услуги за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи кои транзитираат преку друга национална мрежа (национални или меѓународни повици) со цел цената за*

*завршување на повик да биде регулирана на ист начин независно од тоа дали повикот е национален или меѓународен".*

*Вип оператор е на став дека на овој начин може да се дојде до намалување на приходите стекнати на основа на завршување на повици од странство, кои би се одлеале од државата на сметка на странските оператори од каде оригинирал повикот и директно би се одразиле на буџетот на државата изразено преку намалените давачки на операторите на име на даноци, надзор и сл., односно да се предизвика негативен ефект по целокупниот пазар на електронски комуникации во Р. Македонија.*

*Најпрво би сакале да го изнесеме фактот дека овој тип на регулација, односно важење на една цена за завршување на повици без оглед на нивното потекло т.е., национално или меѓународно е типично за земјите членки во Европската Унија чија територија се смета како единечен географски пазар на разгледување или т.н. "single market". Исклучиво во тој т.н. "single market", корисниците, а не операторите според препораките на Европската Комисија не би требало да бидат дискриминирани без разлика дали примаат повик од граѓанин на Европската Унија во рамки на сопствената земја или пак од друга земја членка на Европската Унија. Сепак, вреди да се спомене дека дури и во оваа практика има исклучоци (пр. Бугарија земја членка на Европската Унија од 2006 година).*

*Токму ова било причина Хрватската Агенција за пошти и електронски комуникации да ја обнови постапката на која ја основала својата првична одлука за изедначување на интерконекциските надоместоци за националните и меѓународните повици (Одлука бр. 376-11-09-01 од 17.07.2009), и тоа во рамки на нејзиниот Заклучок бр. 376 -04-09-05 DMод 7.12.2009, резултат на предлогот на мобилните оператори Т-Мобиле д.о.о., Вип нет д.о.о. и Теле2 д.о.о. за обнова на постапката во предмет на анализата за завршување на повици во одредена јавна мобилна комуникациска мрежа и тоа во делот кој се однесува на регулаторните обврски за контрола на цени и водење посебно сметководство за сообраќај кој потекнува од странство, а е транзитиран преку национални оператори во мрежите на мобилните оператори. Во овој заклучок е утврдено дека во случај на изедначување на цените целокупниот пазар за електронски комуникации во Хрватска би имал непосредна загуба од приходи во износ од 100 милиони куни.*

*Од овие причини и предлагаме на АЕК да го остави нерегулиран сегментот на терминирање на меѓународни повици во мобилни мрежи бидејќи истиот не може да има сериозно влијание врз конкурентноста имајќи во предвид дека во спротивно главен губитник би била државата Р. Македонија и граѓаните корисници на електронски комуникациски услуги кои ќе останат со низа ускратени иновативни услуги на сметка на намалениот приход на страна на операторите. Дополнително, би сакале во оваа насока да го искоментираме и следниов заклучок на КЗК: "На овој начин, странските оператори и домашните оператори преку кои транзитираат повици би биле ставени во еднаква положба со домашните оператори...". Потенцираме дека согласно востановената пракса, домашните оператори во "најмала рака" добиваат исти ако не и подобри комерцијални услови во однос на странските оператори при терминирање на повици во нашата мрежа, од едноставни причини истите да бидат еднакво конкурентни и да имаат иста профитна*

*маргина како и моќните странски оператори носители на меѓународен сообраќај. Од тука сметаме дека со евентуалното изедначување на цените за завршување на национални и меѓународни повици во мобилни мрежи, воопшто нема да се постигне ефект на ставање во иста положба туку напротив ќе се добијат низа негативни ефекти како што е опишано погоре.*

Одговор на коментар*:*
*Агенцијата се согласува со дадениот коментар .*

***Коментар на Неотел***:

*Ги поздравуваме напорите на Агенцијата да ги регулира Пазарите кои се дефинирани согласно Законот за електронски комуникации. Анализата која што е дадена од страна на АЕК сметаме дека е коректна и дека во голема мерка ја отсликува моменталната ситуација на Пазарот 16.Неотел како алтернативен оператор кој работи меѓу другото и на пазарот на фиксна телефонија во Македонија е заинтересиран за што поголема либерализација на сите пазари.Со некои информации наведени во извештајот Неотел не би можел да се сложи зошто реалната ситуација во моментот не е онаква каква што е претставена во анализата. Имено интерконекциската цена кон ВИП оператор во Анализата е наведена како еднаква во нормална е евтина тарифа но факт е дека Неотел има различна цена за нормална и евтина тарифа. Се надеваме дека ВИП опертор ваквата ценовна политика ја имал во изминатиот период кон сите оператори зошто во спротивно тоа е дискриминација и АЕК би требало озбилно да се позанимава со таквите ситуации на пазарот. Се надеваме дека после оваа Анализа нема да се повтори истата грешка како претходниот пат кога дел од мобилните оператори беа прогласени за Оператори со значителна пазарна моќ и беа регулирани условите за интерконекција и цените за терминација на сообрајќај во нивните мрежи но истовремено се дозволи нелогична ситуација, да постојат две цени за терминација на сообраќај и тоа за терминирање на национален и за терминирање на интернационален сообраќај. Нелогичноста во оваа ситуација е тоа што цело време се повикува на цена на чинење базарана на трошоци и секој оператор е должен да ја образложи цената која што ја бара за терминација во сопствена мрежа и не е јасно како се доаѓа до различна цена за терминација во иста точка на мрежата. Како што е добро елаборирано и во Анализата не постои можност за супституција на услугата завршување на повик кон мобилен претплатник па затоа не може да се прави разлика помеѓу терминација на национални и меѓународни повици.*

*Само да потсетиме дека моменталната ситуација на пазарот е дека цената за терминација на повик кај двата најголеми мобилни оператори е 3,80 денари минута за национални повици а од 01.03.2010 цената за терминација на меѓународни повици ќе изнесува 10,50 денари минута.Ваквата разлика за терминација е недозволена од неколку причини. Имено ова може да продуцира голем степен на нелегална терминација во*

*мобилните мрежи со употреба на претплатнички линии (терминација со употреба на СИМ картички) што директно прави штета на квалитетот кој корисниците го добиваат како и на приходите на операторите кои легално оперираат на пазарот. Друг факт зошто не би смеело да се прави разлика помеѓу завршување на повици од национални и од меѓународни мрежи е и тоа дека трошокот за да се заврши повикот до корисникот не зависи од тоа од која точка е започнат повикот доколку се предава во иста точка на операторот. Исто така не е јасно зошто АЕК нема еднаков пристап кон сите оператори со занчителна пазарна моќ, имено при слична ситуација АЕК многу исправно одлучи кога Македонски Телекомуникации го прогласи за Оператор со значителна пазарна моќ и не дозволи дистинкција на типот на повиците на национални и меѓународни. Сметаме дека со пристапот кој го има кон мобилните оператори АЕК прави прекршување на директивите но и на праксата во Европската унија и истовремено им овозможува на мобилните оператори да остваруваат екстра профит. Ова може да се потврди со фактот дека странските компании кои се мнозински или 100% сопственици на мобилните оператори во Македонија на меѓународниот пазар оваа услуга ја нудат со цена пониска од цената која мобилните оператори им ја нудат на домашните оператори со што во голема мерка се намалува можноста за остварување на приходи на алтернативните оператори.*

*Се надеваме дека АЕК овој пат ќе постапи исправно и ќе наметне правила кои што се општо прифатени и ќе регулира цена на завршување на повик во мобилна мрежа без притоа да прави разлика од каде повикот е започнат (национален или интернационален).*

*Во интерес на сите оператори на пазарот е да имаме либерализиран пазар и да се бориме под исти услови но доколку се дозволува некои од компаниите да генерираат екстра профит од одредени услуги тогаш се овозможува истите тие приходи да бидат употребени за субвенции кон крајните корисници при што помалите оператори повторно се ставаат во подредена ситуација.*

**Одговор на коментар:**

*Агенцијата делумно се согласува со ваквиот став на Операторот и истовремено би сакале да додадеме дека како што беше и претходно споменато по ова прашање АЕК смета дека со регулација на тој сегмент нема да се постигне понатамошна експанзија на пазарот на електронските комуникации, ниту ќе се зголеми бенефитот на крајните корисници или ќе се постигне зголемена конкурентност на пазарот. Исто така, со регулација на овој сегмент домашните операторите би биле дискриминирани и ставени во понеповолна положба при преговарањето за склучување на договори со странските оператори. По дополнителните консултации и предложени аргументи од страна на АЕК, Комисијата за заштита на конкуренцијата се согласува со ставот дека услугата за завршување на повици во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски држави, а транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори во моментот не треба да биде сегмент опфатен во дефиницијата на пазарот бр 16– Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.*

# 7 Дефинирање на пазарот

## 7.1 Вовед

Со Одлуката за утврдување на релевантни пазари во Република Македонија, донесена од Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.08.2005 година, а во согласност со утврдените релевантни пазари во препораката на Европската комисија за релевантни пазари на производи и услуги во рамките на телекомуникацискиот сектор, објавена во службено гласило на Европската Унија (OJ.L 114 од 08.05.2003 година), на географското подрачје на Република Македонија се утврдени 18 релевантни пазари.

Предмет на оваа анализа е услугата за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи. Оваа услуга го претставува пазарот 16 од Одлуката за утврдување на релевантни пазари во Република Македонија. За подетално определување на овој пазар неопходно е да се спроведе:

- дефинирање на пазарот на производи и услуги и
- дефинирање на географскиот пазар.

Услугата за завршување на повик (call termination) е пренос на повик кој доаѓа од претплатници од една јавна комуникациска мрежа до мрежната завршна точка на повиканиот претплатник во друга јавна мобилна комуникациска мрежа, идентификуван според претплатничкиот број.
Оваа анализа ја опфаќа само големопродажната услуга за завршување на повик во мобилни мрежи во Република Македонија, без услугата за завршување на повици во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски држави, транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори. Агенцијата за електронски комуникации ќе го следи понатамошниот развој на пазарот за мобилни мрежи и услуги со цел да определи дали пазарите треба во иднина повторно да бидат дефинирани или анализирани.

## 7.2 Дефинирање на пазарот на производи и услуги (пазар 16)

Дефинирањето на пазарот на производи и услуги се врши со цел да се определи дали на пазарот постои оператор и давател на услуга за завршување на повик во мобилна мрежа кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори или даватели на услуги да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на надоместокот или понудата, со што се намалува конкуренцијата на тој пазар и се

ограничува изборот на корисниците во однос на таа комуникациска услуга. Дефинирањето на пазарот на производи и услуги се врши со помош на два критериума:

1.Супституција на страната на побарувачката (Demand side substitution)
2.Супституција на страната на понудата (Supply side substitution)

## 7.3 Супституција на страната на побарувачката

За да се определи дали постојат супститути на страната на побарувачката кои би требало да се вклучат во релевантниот пазар, неопходно е да се испита каков ефект има порастот на надоместокот на услугата за завршување на повик врз профитабилноста на операторот во чија мрежа тој повик завршува. Агенцијата за електронски комуникации го испита ефектот и врз малопродажните и врз големопродажните услуги или алтернатива (со други зборови) и врз крајните корисници и врз давателите на услуги за завршување на повик во мобилна мрежа за крајни корисници.

И покрај тоа што, според Одлуката за утврдување на релевантни пазари, пазарот 16 односно услугите за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи спаѓаат во релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо, сепак не можеме да кажеме дека овој пазар е целосно независен од пазарот за малопродажба на услугата за завршување на повик во јавни мобилни мрежи за крајни корисници. Имено, побарувачката на пазарот на големопродажба непосредно зависи од побарувачката на пазарот на малопродажба односно од побарувачката на крајните корисници на операторите. Услугите за завршување на повик се составен дел од услугите за пренос на говор. Услугата за пренос на говор се остварува со започнување на повик од претплатник на мобилна мрежа или од јавните фиксни комуникациски мрежи од фиксна локација. Поради тоа, Агенцијата за електронски комуникации анализата на овој пазар ја започна со анализа на пазарот на малопродажба.

## 7.4 Супституција на страната на побарувачката – малопродажба

Супститутицијата на страната на побарувачката на пазарот на малопродажба се определува врз основа на заменливоста на услугите гледано од аспект на корисникот. Определувањето на супститути на страната на побарувачката овозможува да се определи дали постои услуга или услуги кои гледано од аспект на корисникот се заменливи во случај на релативно зголемување на цените. Производите или услугите за кои ќе се определи дека се меѓусебно заменливи значи дека припаѓаат на ист пазар. Доколку значителен процент од корисниците се одлучат да преминат на употреба на друга услуга или да преминат во друг оператор кој ја нуди истата услуга со што порастот на цената на оваа услуга ќе стане непрофитабилен, значи дека на страната на побарувачката постои

супституција и дека услугата и расположивиот супститут припаѓаат на ист пазар. Еден од начините на определување на супституција на страната на побарувачката на пазарот на малопродажба е испитувањето на однесувањето на крајните корисници кои го започнуваат повикот и крајните корисници кои го примаат повикот.

## 7.5 Однесување на крајните корисници при зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик

### 7.5.1 Однесување на крајните корисници кои примаат повик, при зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик

Однесувањето на крајните корисници при зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик се разликува во зависност од тоа дали корисникот го започнува (иницира) или го прима повикот. Имено, »принципот според кој страната која го започнува (иницира) повикот плаќа« (CPP - calling party pays) има големо влијание врз однесувањето на корисниците при промената на надоместокот на услугата за завршување на повик.

Според овој принцип, надоместокот на услугата за завршување на повик, кој на пазарот на големопродажба операторот А му го пресметува на операторот Б, паѓа на товар на крајниот корисник кој го започнува повикот и кој го плаќа малопродажниот надоместок утврден од операторот А согласно неговиот ценовник и согласно дестинациската мрежа на бираниот претплатник. Надоместокот за завршување на повици, односно надоместокот утврден со договорите за интерконекција помеѓу операторите е вклучен во малопродажните надоместоци утврдени од операторите за оставрување на повици иницирани од нивните претплатници согласно дестинациската мрежа на бираниот број/претплатник. Оттука, корисникот кој го прима повикот нема интерес да влијае на намалување на надоместокот на услугата за завршување на повик.

Крајниот ефект од овој принцип на пазарот на малопродажба (пазарот за остварување на повик од фиксна кон мобилна и пазарот за остварување на повик од мобилна кон мобилна мрежа) е дека операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги имаат интерес и моќ надоместокот за интерконекција да го држат на високо ниво поради две основни причини:

- Да остваруваат повисок профит како резултат на повисоките надоместоци
- Да ги привлечат корисниците на другите оператори да се приклучат кон нивната мрежа/да станат нивни корисници

Имено, во моментов во Република Македонија има, три оператори на јавна мобилна комуникациска мрежа и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги и шест

оператори на јавна фиксна телефонска мрежа и даватели на јавна фиксна телефонска услуга. Како резултат на фактот што надоместокот за интерконекција не е симетричен, трите мобилни оператори и даватели на услугата за завршување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа имаат интерес и моќ да го држат овој надоместок на високо ниво со цел да ги привлечат корисниците на друг оператор да се приклучат кон нивната мрежа.

Гледано од аспект на крајните корисници кои го примаат повикот, може да се случи да се одлучат да преминат кон друг оператор доколку сметаат дека зголемувањето на надоместокот за завршување на повик во голема мера влијае на бројот на повиците кои ги примаат. Меѓутоа ваквото однесување на крајните корисници зависи од следните услови:

- Крајните корисници на мобилни мрежи и услуги треба да ги вреднуваат повиците кои ги примаат до тој степен да значителното намалување на бројот на повици кои ги примаат, а кое настанува како резултат на пораст на надоместокот на услугата за завршување на повикот, влијае на нивната одлука да преминат кон друг мобилен оператор;
- Крајните корисници кои го започнуваат повикот мора да бидат осетливи на промените на надоместоците кон бираните броеви/претплатници што ги опслужува друг оператор кои ги плаќаат како резултат на промената на надоместокот за завршување на повик, кој го плаќа операторот согласно склучен договор за интерконекција,.
- Крајните корисници кои го започнуваат повикот мора да го знаат надоместокот за завршување на повик во бараната мобилна мрежа.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека само во случај кога и трите услови се исполнети, однесувањето на претплатниците на мобилни мрежи и услуги ќе може да влијае како конкурентна пречка на надоместоците на услугите за завршување на повик, со што операторите на мобилни мрежи и давателите на мобилни комуникациски услуги при секоја промена, односно зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик ќе се соочат со голем ризик од намалување на бројот на претплатници.

Однесувањето на крајните корисници, Агенцијата за електронски комуникации го оцени врз основа на истражување спроведено од Strategic Marketing and Media Research - Part of StrategicPuls Group and Member of ESOMAR под наслов Испитување на јавното мислење во однос на пазарот на електронски комуникации во Р.Македонија (Септември 2009).
Врз основа на податоците на ова истражување, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека 80% од целната популација во Р.Македонија на прашањето "Дали некогаш сте го промениле операторот на мобилна телефонија кој сте го користеле"? 22% одговориле

позитивно.На прашањето "Од кои причини не користите СИМ картички од различни мрежи'? 64% проценти одговориле дека немаат потреба.

Врз основа на овие податоци Агенцијата за електронски комуникации донесе заклучок дека крајните корисници кои го примаат повикот, зголемувањето на надоместокот на услугата за завршување на повик не го вреднуваат до тој степен да значителното намалување на бројот на повици кои ги примаат, кое настанува како резултат на пораст на надоместокот на услугата за завршување на повикот, влијае на нивната одлука да преминат кон друг мобилен оператор.

Сензибилноста на крајните корисници кои го започнуваат повикот како и нивното познавање на надоместокот за завршување на повик во мрежата во која што се наоѓа бараната страна се опфатени во анализата на однесувањето на крајните корисници кои го започнуваат повикот подолу во параграф 7.5.2

***Коментар на ВИП Оператор***:

*На крајот од претпоследниот параграф е наведено дека: "Оттука, корисникот кој го прима повикот нема интерес да влијае на намалување на надоместокот на услугата за завршување на повик."*

*Вип оператор се сложува со овој заклучок на АЕК. Анализирајќи го истиот од аспект на нашите корисници кои се дел од далеку помала мрежа во однос на нашите конкуренти, се сложуваме дека истите немаат интерес да влијаат на намалување на надоместокот на услугата за завршување на повик кога примаат повик, со што можеме да заклучиме дека ова е една потврда дека однесувањето на корисниците кои примааат повик е ирелевантно во однос на намалувањето на соодветниот големопродажен надоместок.*
*Ова претставува корисен заклучок кој ги потврдува подоле изнесените наши тврдења дека на Вип оператор не треба да му се наметнува обврска за контрола на цена се додека не постигне раст до ниво на минимално ефикасен оператор, бидејќи истото нема да влијае врз интересите на нашите корисниците. Секако, сакаме да потенцираме дека оваа констатација не важи еднозначно и од аспект на прво појавените оператори на пазарот кои имаат далеку поголема корисничка база од онаа на Вип оператор и кои ги користат поволностите од т.н. "network effect" - ефект на мрежа (дефиниран во член 3.5.2 од вториот дел на Документот на Европската регулаторна група ERG (07) 83 final 080312), според кој припадноста на поголемата мрежа е поатрактивна за корисниците во кој случај истите немаат голема и посериозна потреба од иницирање на премногу off-net*

*повици кон корисници на помалата мобилна мрежа и кога приоритетот го поставуваат на атрактивните on-net понуди на нивните оператори кои имаат голема корисничка база.*

*Понатаму АЕК во истата ова точка наведува: "Крајниот ефект од овој принцип на пазарот на малопродажба (пазарот за остварување на повик од фиксна кон мобилна и пазарот за остварување на повик од мобилна кон мобилна мрежа) е дека операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги имаат интерес и моќ надоместокот за интерконекција да го држат на високо ниво поради две основни причини:*

- *Да остваруваат повисок профит како резултат на повисоките надоместоци*
- *Да ги привлечат корисниците на другите оператори да се приклучат кон нивната мрежа/да станат нивни корисници."*

*Вип оператор делумно се сложува со првата точка бидејќи истата не е подеднакво апликативна кога се анализира од аспект на помал оператор како што е Вип оператор и од аспект на поголем оператор како ТММК и Оне. Имено, приходите од интерконекција со кои се здобива одреден оператор се резултат од бројот на минути кои доаѓаат во неговата мрежа мултиплицирани со цената за терминација. Како што повеќе пати ја известувавме АЕК, приходите здобиени на основа на интерконекција се од круцијално значење за растот на далеку подоцна појавените оператори на пазарот на мобилни комуникациски мрежи и услуги. Јасно е дека, историски гледано, порано појавените и доминантни оператори имаат примено далеку повеќе минути отколку операторите предизвикувачи на пазарот (новопојавените, трети мобилни оператори – послаби играчи на пазарот) и поради тоа профитирале многу повеќе од интерконекција во текот на годините на нивното постоење. Ова води до кумулативни интерконекциски приходи кои не соодветствуваат со направените инвестиции, па предизвикувачите не се во можност да ги покријат нивните инвестиции како што тоа го сториле доминантните оператори, што е воочливо од следниот графикон (X – доминантни оператори, Y – новопојавен оператор).*




*Извор: Mobile Challengers - Europe.*

*Резултатите покажуваат дека нивото на цените за терминација на новопојавениот оператор кои допринесуваат со голем удел во неговите вкупни приходи (30-40%) несомнено ја одредуваат неговата способност да ги покрие иницијалните инвестиции и трошоци. Во оваа насока, економското истражување во ЕУ востановило дека постои директна корелација помеѓу времето на влез на мобилниот оператор на пазарот и уделот во поделбата на пазарот на операторот, приходот и профитабилноста (извор: TERA Consultants).*




*Извор: TERA Consultants.*

*Според времето на појавување на пазарот повеќе од очигледно е дека од аспект на приходи Вип оператор далеку заостанува зад финансиските резултати на ТММК и Оне. Од овде повеќе од воочливо е дека предностите на порано појавените оператори и неурамнотеженоста се толку големи што не можат да бидат надминати од страна на конкурентните сили на пазарот сами по себе. Како резултат на тоа операторот предизвикувач на пазарот (Вип оператор) едноставно не би бил во можност да се развива како што треба, доколку порано појавените оператори нетранспарентно на не фер основа ги користат високите приходи од интерконекција за зајакнување на нивната финансиска ситуација вршејќи своевидно субвенционирање на нивните малопродажни услуги и за ограничување на финансиските ресурси на новопојавените конкуренти на пазарот.*

*Вип оператор делумно се сложува со втората точка бидејќи истото важи исклучиво за ТММК и Оне како поголеми оператори од Вип оператор, кај кои доколку не се примени обврска контрола на цена истото ќе го искористат за креирање на т.н. "силос ефект" преку држење на својот надоместок на високо ниво и преку промовирање на атрактивни on-net понуди за своите поголеми претплатнички бази со што ќе ги привлечат корисниците на другите оператори да се приклучат кон нивната мрежа. Ова е потврдено и со констатацијата во крајните параграфи на член 3.5.2 од вториот дел на ERG (07) 83 final 080312:*

Large operators can strengthen the related network effect they benefit from (and the attractiveness of their on-net offers) via two means:

- The first one is related to originating calls: when a customer makes a call to someone that is subscriber of the larger network (which happens with higher probability, depending on how that customer's calling circle is distributed across different networks), he will pay the on-net price if he is also subscriber of that network, or will pay an off-net price if he is subscriber of the smaller network. All else equal, his decision would then more often be to join the larger network, because the average or expected price is lower.
- The second one is related to the incoming calls, and exists because customers can be assumed to derive some utility from receiving calls. If a larger network charges a high off-net price, then customers are less willing to make calls to the other network than otherwise. Therefore, the value of a customer belonging to the smaller network is reduced, because he will be concerned that less people would call him.

In summary, an on-net/off-net retail price differential, combined with significantly above-cost MTRs, can, in certain circumstances, tone down competition to the benefit of larger networks.

*Во оваа насока, АЕК понатаму наведува: "Имено, во моментов во Република Македонија има, три оператори на јавна мобилна комуникациска мрежа и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги и шест оператори на јавна фиксна телефонска мрежа и даватели на јавна фиксна телефонска услуга. Како резултат на фактот што надоместокот за интерконекција не е симетричен, трите мобилни оператори и даватели на услугата за завршување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа имаат интерес и моќ да го држат овој надоместок на високо ниво со цел да ги привлечат корисниците на друг оператор да се приклучат кон нивната мрежа."*

**Одговор на коментар:**
*Агенцијата како и што презентираше во самата анализа ја има во предвид Европската регулаторна рамка, особено Препораките кои се однесуваат на подоцна појавените оператори на пазарот. Како што е погоре одговорено, со овој документ се проценува состојбата на пазарот и респективно се определуваат операторите Т-Мобиле, Оне и Вип оператор како оператори со значителна пазарна моќ на анализираниот пазар. По завршување на јавната расправа за развој и имплементација на bottom- up LRIC моделот, АЕК во консултација со заинтересирантие страни ќе ја определи висината на цената на услугата завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, предмет на оваа анализа.*

### 7.5.2 Однесување на крајните корисници кои започнуваат повик, при зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик

Според Агенцијата за електронски комуникации зголемувањето на надоместокот на услугата за завршување на повик ќе влијае на однесувањето на крајните корисници кои го започнуват повикот и тие ќе се префрлат кон користење на алтернативна услуга за задоволување на крајната цел само доколку се исполнети следните услови:

- Крајните корисници кои го започнуваат повикот мора да знаат во која мобилна мрежа ќе заврши повикот.
- Претплатниците кои го започнуваат повикот мора да ја знаат цената за завршување на повик во бараната јавна мобилна комуникациска мрежа.
- Претплатниците кои го започнуваат повикот мора да бидат осетливи на промените на надоместоците кон бираните броеви/претплатници што ги опслужува друг оператор кои ги плаќаат како резултат на промената на надоместокот за завршување на повик, кој го плаќа операторот согласно склучен договор за интерконекција,.

Крајните корисници кои го започнуваат повикот во поголемиот случај не се запознаени со надоместокот за завршување на повикот во различна мрежа од причина што надоместокот за завршување на повици, односно надоместокот утврден со договорите за интерконекција помеѓу операторите е вклучен во малопродажните надоместоци утврдени од операторите за остварување на повици иницирани од нивните претплатници согласно дестинациската мрежа на бираниот број/претплатник. Дополнителна причина за малата запознаеност на крајните корисници кои што го започнуваат повикот поврзана со надоместокот за завршување на повик во различни мрежи е отпочнувањето на нудење на услугата за преносливост на броеви од страна на операторите. Имено со оваа услуга корисниците кои што го започнуваат повикот во повеќето случаи не знаат во чија мрежа се наоѓа бараната страна и поради тоа како и поради горенаведеното не ја знаат и висината на надоместокот кој што требаат да го платат за завршување на повик во бараната мрежа.
Поради овие причини Агенцијата за електронски комуникации смета дека крајните корисници кои го започнуваат повикот не реагираат на малите но значајни промени на надоместокот за завршување на повик.

За крајните корисници кои го започнуваат повик да бидат осетливи на промените на надоместокот за завршување на повик потребно е зголемувањето на надоместокот за завршување на повик автоматски да биде евидентно во различните малопродажни надоместоци кон различните мрежи. Ваквото зголемување на надоместокот не е евидентно во случаите кога операторот нуди еднакви малопродажни цени кон различни мрежи. Во тој случај, зголемувањето на надоместокот за завршување на повик во определена мрежа би бил помалку воочлив за крајните корисници. При состојба на

користење на ценовни пакети каде што малопродажните надоместоци се еднакви без оглед на мрежата каде што ќе заврши повикот е помалку веројатно дека зголемувањето на надоместокот за завршување на повик во определена мрежа ќе доведе до намалување на бројот на тие повици. Крајните корисници кои го започнуваат повикот имаат можност да бираат помеѓу повеќе различни тарифни модели кои ги нудат операторите на мобилни мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги. Од тарифниот модел кој ќе го изберат зависи и висината на надоместокот на услугата за започнување на повик кој ќе треба да го платат. Корисниците кои избрале тарифен модел со вклучени бесплатни минути за разговор ќе имаат помали трошоци за остварување на повикот од оние кои одбрале тарифен модел без бесплатни минути. Бидејќи надоместокот за завршување на повици, односно надоместокот утврден со договорите за интерконекција помеѓу операторите е вклучен во малопродажните надоместоци утврдени од операторите за остварување на повици иницирани од нивните претплатници согласно дестинациската мрежа на бираниот број/претплатник, произлегува дека оние корисници кои одбрале модел со бесплатни минути ќе бидат помалку сензитивни на промените на надоместокот на услугата за завршување на повик.

Врз основа на претходното образложение, Агенцијата за електронски комуникации смета дека однесувањето на корисниците на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги кои го започнуваат повикот, при зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик, не може да влијае како конкурентна препрека на овие надоместоци.

Доколку и покрај претходно кажаното, претпоставиме дека осетливоста на крајните корисници кои го започнуваат повикот при зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик е голема и тие се одлучат оваа услуга да ја задоволат преку супституција, ваквото нивно однесување може да влијае на зголемување на конкуренцијата на пазарот. Сепак, Агенцијата за електронски комуникации би сакала да истакне дека по спроведената анализа дојде до заклучок дека ниту една од потенцијалните опции на крајниот корисник не може да се смета како значаен алтернативен супститут. Образложението е дадено подолу.

## 7.6 Супститути

Постојат повеќе можности за супституција на услугата за завршување на повик на пазарот на малопродажба, и тоа:

- Мобилен или фиксен – кон – фиксен повик како супститут на мобилен – кон – мобилен повик во различна мрежа

- Мобилен – кон – мобилен повик во иста мрежа како супститут на мобилен – кон – мобилен повик во различна мрежа
- SMS, MMS како супститут на фиксен или мобилен – кон – мобилен повик

### 7.6.1 Мобилен или фиксен – кон – фиксен повик како супститут на мобилен – кон – мобилен повик во различна мрежа

Како резултат на зголемување на надоместокот на услугата за завршување на повик, крајниот корисник кој го започнува повикот може да одлучи повикот мобилен-кон-мобилен повик во различна мрежа да го оствари преку повик до бараниот корисник од типот мобилен-кон-фиксен или фиксен-кон-фиксен. Меѓутоа, повикот од мобилна или фиксна-кон-фиксна мрежа не претставува значаен супститут на повик од мобилна-кон-различна мобилна мрежа и не може да влијае како конкурентна пречка на надоместоците на услугата за завршување на повик на пазарот на големопродажба. Имено, повикот кон фиксна мрежа не е соодветна супституција на повикот на мобилен кон мобилен во различна мрежа затоа што не ја задоволува суштината и предноста на мобилната телефонија, да во секое време крајниот корисник кој го започнува повикот може да воспостави врска со бараниот корисник, односно доколку бараниот корисник во моментот на остварување на повикот не се наоѓа во близина на својата фиксна линија истиот повик нема да може да биде реализиран
Агенцијата за електронски комуникации однесувањето на крајните корисници го оцени врз основа на истражување спроведено од Strategic Marketing and Media Research - Part of StrategicPuls Group and Member of ESOMAR под наслов Испитување на јавното мислење во однос на пазарот на електронски комуникации во Р.Македонија (Септември 2009).
Од вкупниот број на испитаници на прашањето "Колку често телефонирате од мобилен на фиксен телефон" само 20% одговориле Секогаш кога имам потреба.
Врз основа на горенаведеното Агенцијата за електронски комуникации смета дека повикот од мобилна или фиксна-кон-фиксна мрежа не е ефикасна супституција на повикот од мобилна-кон-различна мобилна мрежа и нема придонес во зголемувањето на конкуренцијата на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги

### 7.6.2 Мобилен – кон – мобилен повик во иста мрежа како супститут на мобилен – кон – мобилен повик во различна мрежа

Повикот од мобилен-кон-мобилен во иста мрежа може да биде значаен супститут на повикот од мобилен-кон-мобилен во различна мрежа. Меѓутоа, потребно е крајниот корисник кој го започнува повикот да биде претплатник на истата мрежа како и корисникот кој го прима повикот или да биде претплатник на повеќе од една мрежа за да

ги започнува или завршува повиците т.е. да поседува повеќе од една претплата за мобилни телефонски услуги во форма на повеќе од една SIM картички или повеќе од еден број на кој ќе може да го добие бараниот корисник.
На прашањето "Колку СИМ картички во различни мрежи користите во моментов"? кое е составен дел на истражувањето спроведено од Strategic Marketing and Media Research - Part of StrategicPuls Group and Member of ESOMAR под наслов Испитување на јавното мислење во однос на пазарот на електронски комуникации во Р.Македонија (Септември 2009), 81 % од целната популација одговориле дека користат исклучиво една СИМ картичка за остварување на повици во различни мрежи.Врз основа на овој резултат Агенцијата за електронски комуникации заклучи дека само мал дел од целната популација користи повеќе СИМ картички за намалување на трошоците кои се јавуваат како резултата на повикот мобилен кон мобилен во различна мрежа.

На прашањето "Од кои причини не користите повеќе SIM картички во различни мрежи? 64 % од целната популација одговориле дека немаат потреба односно не им е важно дали повикот ќе заврши во истата или во друга мобилна мрежа.

Како резултата на ова прашање Агенцијата за електронски комуникации заклучи дека крајните корисници не се сензитивни на промените на надоместокот за завршување на повик до тој степен да при зголемување на истиот се одлучат да се префрлат на мрежата на друг мобилен оператор.

Употребата на повеќе од една SIM картички не е соодветна за претплатниците кои го започнуваат повикот пред се поради поголемиот трошок, но и поради времето кое е потребно да се изврши замена на картичките за остварување на повикот. Ваквиот став на Агенцијата за електронски комуникации се заснова на резултатите добиени на прашањето "Колку СИМ картички во различни мрежи користите во моментов"? кое е составен дел на истражувањето спроведено од Strategic Marketing and Media Research - Part of StrategicPuls Group and Member of ESOMAR под наслов Испитување на јавното мислење во однос на пазарот на електронски комуникации во Р.Македонија (Септември 2009), на кое што 81 % од целната популација одговориле дека користат исклучиво една СИМ картичка за остварување на повици во различни мрежи.

Операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги пакетите со телефонски апарати заедно со SIM картичк а во повеќето случаи ги продаваат така што тие телефонските апарати се кодираат и може, да се употребува исклучиво во нивната мрежа што преставува дополнителна пречка во ваквата можност за супституција.

Оттука, Агенцијата за електронски комуникации смета дека повикот од мобилен-кон-мобилен во иста мрежа не само што не може да се смета како ефикасен супститут на

повикот од мобилен-кон-мобилен во различна мрежа, туку може да придонесе и до намалување на конкуренцијата на услугата за завршување на повик.

Според тоа, Агенцијата за електронски комуникации смета дека овој тип на супституција не може да биде доволно ефикасен за да обезбеди конкурентна препрека на надоместокот на услугата за завршување на повик, и дека овие две услуги не припаѓаат на ист пазар.

### 7.6.3 SMS, MMS како супститут на фиксен или мобилен – кон – мобилен повик

SMS - услугата за испраќање на кратки пораки овозможува размена на текстуални пораки помеѓу крајните корисници преку нивните мобилни телефонски апарати. Еден од недостатоците на услугата за испраќање на кратки пораки е тоа што пораките се релативно кратки затоа што бројот на дозволени карактери во една текстуална порака е лимитиран на 160 карактери (иако постојат телефонски апарати кои овозможуваат поврзување на повеќе од една кратки пораки). За разлика од мобилните повици за пренос на говор, кратките пораки не се испраќаат во истиот момент, туку се испраќаат најпрвин до центарот за кратки пораки на операторот чиј претплатник испратил кратка порака, пораката се складира во центарот за кратки пораки, а потоа се испраќа до центарот за пораки на операторот за чиј претплатник е адресирана кратката порака, кој ја испраќа пораката до својот претплатник, па како резултат на ова не се обезбедува можноста за моментална интеракција и конверзација. Прашањето за тоа дали кратките пораки се супститут на фиксен или мобилен-кон-мобилен повик е релевантно само доколку како супститути кратките пораки влијаат на профитабилноста на операторите на мобилни мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги за завршување на повик. Имајќи го во предвид фактот дека услугата за завршување на кратка порака ја обезбедува истиот оператор на мобилни мрежи и давател на јавни мобилни комуникациски услуги што ја обезбедува и услугата за завршување на повик, можеме да претпоставиме дека тој оператор надоместоците за кратки пораки може да ги определува на начин и на ниво кое ќе му овозможи да го избегне евентуалното конкурентно влијание врз надоместокот на услугата за завршување на повик. Според тоа, Агенцијата за електронски комуникации смета дека дури и да постои супституција на пазарот на малопродажба како што е услугата за испраќање на кратките пораки како супститут на фиксен или мобилен-кон-мобилен повик, таа супституција не може да има значајно влијание врз профитабилноста на операторот на мобилни мрежи и давателот на јавни мобилни комуникациски услуги, а со тоа и на дефинирањето на пазарот на големопродажба, бидејќи надоместоците за завршување на двете услуги ги контролира истиот оператор што ја обезбедува и услугата за завршување на повик.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека испраќањето на порака како услуга не е супститут на говорот на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и оваа услуга не е дел од анализираниот пазар.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека СМС пораките ќе се вклучат и разгледуваат во пазарот за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги-големопродажба ( пазар 15) поради фактот што оваа услуга на пазарот се нуди во пакет со пристапот и започнувањето на повик.

*Коментар на Т-Мобиле Македонија*:

*Во врска со ставот на Агенцијата дека СМС пораките ќе се вклучат и разгледуваат во пазарот за пристап и започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги –големопродажба (пазар 15) поради фактот што оваа услуга на пазарот се нуди во пакет со пристапот и започнувањето на повик, би сакале да истакнеме дека не се согласуваме со тврдењето на Агенцијата дека СМС пораките се нудат во пакет во пристапот и започнувањето на повик, туку истите се нудат самостојно и независно од услугите за пристап и за започнување на повици, и оттаму сметаме дека СМС пораките не треба да бидат вклучени во Пазар 15. Воедно, би сакале да посочиме дека вклучувањето на СМС пораките во некој од релевантните пазари не е вообичаена пракса во поголем број од европските држави од причина што СМС пораките имаат третман на дополнителна услуга кон говорните повици, која не е споредлива ниту со повиците ниту со пристапот.*

Одговор на коментар*:*
*Агенцијата не се согласува со дадениот коментар и смета дека говорот и СМС услугите се две комплементарни услуги на услугата пристап, но обезбедувањето на услугата СМС е директно зависна од обезбедување на услугата пристап и како такви се нудат заедно на пазарот за започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи како основен тип на комуникација. Истовремено АЕК го потврдува својот став дека СМС услугата и според меѓународната практика природно припаѓа на пазарот за Започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и истата ќе биде анализирана на соодветниот пазар.*

## 7.7 Иницијални заклучоци за супституцијата на страната на побарувачката на пазарот на малопродажба

Агенцијата за електронски комуникации смета дека во моментов на пазарот на малопродажба не постојат ефикасни супститути кои би можеле да влијаат како конкурентна препрека на надоместоците на услугите за завршување на повик. Ставот на

Агенцијата за електронски комуникации е дека во блиска иднина не постојат јасни изгледи за значителни промени во однесувањето на крајните корисници на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги кои би можеле да се наметнат како конкурентна препрека на услугата за завршување на повик.
Постои можност од конкурентен притисок од VoIP кон мобилен повик, кој како резултат на потенцијалните разлики во billing аранжманот можат да обезбедат атрактивна и задоволителна супституција за остварување на повик кон мобилен број..
Агенцијата за електронски комуникации е на став дека во оваа фаза на спроведување на анализата давателите на VoIP услуги во Република Македонија се претежно ориентирани за обезбедување услуги за појдовни меѓународни повици, и многу веројатно е дека ваквата ситуација нема да се промени во блиска иднина.

Од горе наведено АЕК смета дека при зголемување на цената на повикот нема ефикасна услуга која би го заменила говорот и која би се наметнала како конкурентска препрека на услугата за завршување на повик.

## 7.8 Супституција на страната на побарувачката – големопродажба

На ниво на големопродажба, супституцијата на услугата за завршување на повик во мрежата на еден оператор на мобилни мрежи и давател на јавни мобилни комуникациски услуги со услуга за завршување на повик во мрежа на друг мобилен оператор на мобилни мрежи и давател на јавни мобилни комуникациски услуги, не може да претставува конкурентна препрека на надоместокот на услугата за завршување на повик, од причина што операторот А кој сака да обезбедува услуга за завршување на повик кон корисник од операторот Б мора услугата за завршување на тој повик да ја купи од операторот Б, бидејќи во спротивно нема да биде во можност да го реализира тој повик. Агенцијата за електронски комуникации не очекува дека во блиска иднина ќе се развие можност услугата за завршување на повик да се обезбедува преку повик кон конкретен корисник наместо преку повик кон мрежата на операторот на тој корисник.

## 7.9 Иницијални заклучоци за супституцијата на страната на побарувачката на пазарот на големопродажба

Врз основа на погоренаведеното Агенцијата за електронски комуникации смета дека во моментов не постои супституција на услугата за завршување на повик на страната на побарувачката на пазарот на големопродажба и дека не постојат изгледи дека ситуацијата во блиска иднина ќе се промени.

## 7.10 Супституција на страната на понудата

Супституција на страната на понудата се јавува кога како реакција на зголемување на цената на производот А, понудувачите на производот Б ќе се префрлат на понуда на производот А и ќе го направат зголемувањето на цената на овој производ непрофитабилно. Супституцијата на страната на понудата може да се разгледува од аспект на малопродажба и од аспект на големопродажба.

### 7.10.1 Супституција на страната на понудата - малопродажба

За да постои супституција на страната на понудата на малопродажно ниво потребно е останатите даватели на услуги кои што во моментот не ја нудат услугата за завршување на повик во мрежата во која што крајниот корисник кој го започнал повикот сака истиот да заврши, може да започнат да ја нудат, доколку операторот кој што ја нуди услугата за завршување на повик направи мали но значајни зголемувања на надоместокот за завршување на повик. Другите оператори и/или даватели на услуги освен операторот во чија што мрежа се наоѓа бараниот корисник за да можат да ја понудат ваквата услуга на крајниот корисник кој што го започнува повикот, потребно е да имаат или да добијат пристап до информациите од СИМ картичката на бараниот корисник.
Пристап до информациите од СИМ картичката на бараниот корисник има само операторот од кој што е издадена ваквата СИМ картичка, односно операторот во чија што мрежа се наоѓа бараниот корисник и секој оператор и/или давател на услуги кој што би сакал да има достапност до ваквите информации треба да добие дозвола од операторот сопственик на СИМ картичката.
Агенцијата за електронски комуникации смета дека ваквата дозвола за достапност до информациите на СИМ картичка нема да биде овозможена од страна на операторот сопственик, од причина што со самото тоа тој би ја намалил својата профитабилност како и бројот на сопствените претплатници. Друг случај на можна супституција на страната на понудата на пазарот на малопродажба за завршување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа, би била возможна доколку би се пронашло програмско решение на SIM картичките кое на крајните корисници ќе им овозможи достапност на повеќе мрежи истовремено. Во тој случај и операторите на мобилни мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги би можеле врз основа на желбата на крајниот корисник да ја изберат мрежата преку која и во која ќе се заврши повикот, меѓутоа според моменталните постоечки технологии оваа ситуација е невозможна.

## 7.11 Иницијални заклучоци за супституцијата на страната на понудата на пазарот на малопродажба

Агенцијата за електронски комуникации смета дека ваквите типови на супституција на страната на понудата на пазарот на малопродажба не се можни бидејќи операторите во чија што мрежа се наоѓа бараниот корисник нема да дозволат достапност до информациите што се наоѓаат на СИМ картичката на бараниот корисник односно нема да дозволат услугата за завршување на повик во нивната мрежа да биде понудена од друг оператор и/или давател на услуги.
Агенцијата за електронски комуникации е на ваквиот став од причина што тоа би довело до намалување на профитабилноста од една страна како и намалување на бројот на сопствени претплатници на операторот во чија што мрежа се наоѓа бараниот корисник од друга страна. Овие две карактеристики се едни од најважните во делувањето на еден оператор на пазарот па поради тоа истиот не би делувал во насока на нивно намалување. Исто така АЕК смета дека не постои супституција на страната на понудата на пазарот на малопродажба која би била овозможена со гореспоменатото програмско решение на СИМ картичките од причина што такви SIM картички сеуште не постојат, а оние кои што ги нудат операторите и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги може да се употребуваат исклучиво во нивната мрежа.

## 7.12 Супституција на страната на понудата – големопродажба

Доколку постои супституција на страната на понудата на пазарот на големопродажба значително би се зголемила конкуренцијата на пазарот на услугите за завршување на повик. Меѓутоа, моменталната технологија која ја користат операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги во Република Македонија не овозможува повик кон корисник на мобилна мрежа да заврши во друга, освен во мрежата на операторот чиј претплатник е бараниот корисник.

## 7.13 Иницијални заклучоци за супституцијата на страната на понудата на пазарот на големопродажба

Врз основа на горенаведеното Агенцијата за електронски комуникации смета дека не постои супституција на страната на понудата на пазарот на големопродажба.

## 7.14 Трета генерација на мобилни мрежи (3G)

Два оператора на мобилна телефонија во Р.Македонија започнаа со нудење на услуги од третата генерација на мрежи (3G). Операторот ОНЕ (поранешен Космофон) на ден 11.02.2008 година се здоби со одобрение за користење на радио фреквенции за обезбедување на услуги од трета генерација на мрежи (3G), и со истото се здоби со можност за проширување на понудениот спектар на услуги во рамките на својата мрежа, со исто такво одобрени за користење на фреквенции за обезбедување на услуги од третата генерација на мрежи се здоби и Операторот Т-Мобиле Македонија на ден 17.12.2008 година.

На база на моделот на работа на постоечките оператори во земјава и од искуствата од други земји каде што се користат 3G мрежи, АЕК заклучи дека говорните услуги за завршување на повик се нудат и во 3G мрежите. Операторите кои што поседуваат одобренија за користење на радио фреквенции за 2G и 3G мрежи ги интегрираат истите и, обезбедуваат роаминг и "handover" помеѓу нив. Гледано од технички аспект 2G и 3G мрежите воглавно се една интегрирана мрежа поради фактот што поголемиот дел од основната мрежа е ист.

За крајните корисници исто така двете мрежи 2G и 3G ќе преставуваат една мрежа и за време на мобилниот разговор корисниците ќе можат да се префрлаат од 2G на 3G мрежата и обратно во зависност од капацитетот и покривањето на истите. Освен според капацитетот и покривањето според кои се определува која мрежа во моментот ќе ја користи крајниот корисник, користењето се определува и од мобилните терминали на крајниот корисник.

Поради горенаведеното многу е тешко да се разграничат повиците кои завршуваат во 2G мрежа од повици кои завршуваат во 3G мрежа, аналогно на тоа АЕК смета дека операторите нема да наплаќаат различна цена за завршување на повик во двете споменати мрежи. За да се овозможи пресметување на различен надоместок за завршување на повик во двете мрежи потребно би било обемно надградување на пресметковниот системот за наплата на операторите. Ваквото надградување би било потребно највеќе од аспект на пресметување на роамингот помеѓу двете мрежи за обезбедување на еден ист повик.

Исто така операторот од чија што мрежа започнува повикот нема потреба да биде запознаен во која мрежа завршил нивниот повик.

Од погоре наведените причини АЕК смета дека најдобро решение за операторите е тие да пресметаат еден надоместок за завршување на повик базиран на 2G, без разлика на користената мрежна технологија.

Ако се користи ваквиот предуслов за пресметка на надоместокот за завршување на повик во мобилни мрежи би било сосема разумно и евидентно дека завршувањето на повик во 3G мрежата и завршувањето на повик во 2G мрежа припаѓаат на ист пазар.

Од претходно наведеното АЕК смета дека за услугата завршување на повик, операторот доволно е да поседува технологија од втора генерација на мрежи(2G).

*Коментар на ВИП Оператор*:

*Вип оператор се сложува со изнесеното од страна на АЕК во овој член. При тоа апелираме до АЕК поради евидентната резлика од технолошки аспект помеѓу трите мобилни оператори, а со цел да се избегне дискриминирање на ВИП оператор, при пресметувањето на надоместокот за завршување на повик во мрежата на ТММК и Оне да не се земаат во предвид нивните инвестиции и трошоци поврзани со изградба и одржување на 3G радио пристапна и основна мрежа, бидејќи истите не се релевантни согласно ставовите на АЕК во овој член.*

**Одговор на коментар***:*
*Агенцијата смета дека согласно LRIC моделот за пресметка на цени базирани на трошоци цените за услугите ќе се базираат на 2G технологија како доминанта технологија за пренос на говор и СМС пораки во Р.Македонија, но соодветно во пресметката ќе бидат вкалкулирани и дел од трошоците за 3G мрежата на операторите кои се поврзани со обезбедувањето на услугите опфатени со овој пазар. Но, би сакале да потенцираме дека имплементацијата на резултатите од моделот како процес во себе ќе содржи консултација со заинтересираните страни особено во поглед на користената методологија за развој на истиот, имплементација на податоците од операторите а пред се добиените резултати со користење на релевантната методологија и употребата на доставените податоци.*

## 7.15 Мобилен виртуелен мрежен оператор (MVNO)

Мобилен виртуелен мрежен оператор (MVNO) е оператор за мобилна телефонија кој што нема одобрение за користење на радиофреквенции, односно за нудење на своите услуги ги користи радиофреквенциите доделени на мобилниот мрежниот оператор (MNO) со кој има склучено комерцијален договор како и евентуални договори за интерконекција со поединечни мобилни мрежни оператори. Истиот може но и не мора да поседува сопствена инфраструктура потребна за обезбедување на јавни мобилни комуникациски услуги. Мобилниот виртуелен оператор може да издава свои сопствени SIM картички, да поседува свој сопствен мобилен мрежен код (MNC) да поседува мобилен комутациски центар (MSC) и да преговара за роаминг договори.

Агенцијата за електронски коминуникации би сакала да истакне дека нема разлика помеѓу виртуелен мобилен мрежен оператор и други мобилни мрежни оператори во поглед на условите кои што се однесуваат на дефинирање на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни телефонски мрежи. Односно во поглед на услуги за завршување на повик виртуелниот оператор делува исто како и мобилните мрежни оператори и тој е единствен оператор кој што може да ја овозможи услугата за завршување на повик до крајните корисници кој што се наоѓат во неговата мрежа.
Единиствено виртуелниот оператор (Full MVNO) има можност за контрола на пристапот до неговите услуги за завршување на повик како од економски така и од технички аспект, како и единствен кој има легален пристап до информациите од SIM картичките на крајните корисници кои што се наоѓаат во неговата мрежа.
Агенцијата за електронски комуникации смета дека доколку постојат виртуелни оператори за мобилна телефонија истите би биле дел од пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги.

Во моментов во Р.Македонија не постојат виртуелни мобилни мрежни оператори кои што би ја овозможиле услуга за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, но к ако што и претходно е наведено доколку би постоеле, тие би биле единствените оператори кои што би овозможиле завршување на повик до крајни корисници кои се наоѓаат во нивната мрежа.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека после извршените анализи на пазарите за мобилна телефонија ќе овозможи услови за појава и развој на овој сегмент на пазарот за електронски комуникации.

## 8 Дефинирање на географскиот пазар

Врз основа на одлуката за утврдување на релевантни пазари донесена од Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.08.2005 година а во согласност со утврдените релевантни пазари во препораката на Европската комисија за релевантни пазари на производи и услуги, објавена во службено гласило на Европската Унија (OJ.L 114 од 08.05.2004 година) , Релевантен географски пазар на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија е територијата на Република Македонија.

## 8.1 Вкупни иницијални заклучоци за дефинирање на пазарот 16 – услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи

Врз основа на погоре наведеното, како и врз основа на спроведената анализа Агенцијата за електронски комуникации смета дека:

- Не постои ефикасна супституција на услугата за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на пазарот на големопродажба, ниту на страната на понудата ниту на страната на побарувачката.
- Во моментов на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на малопродажно ниво не постојат ефикасни супститути кои би можеле да влијаат како конкурентна препрека на надоместоците на услугите за завршување на повик.

Како резултат на тоа, Агенцијата за електронски комуникации смета дека на пазарот 16 – Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, постојат три одвоени пазари и тоа:

- Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи кои на пазарот на големопродажба “ Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје” им ги нуди на други даватели на комуникациски услуги во Р.Македонија независно од која национална јавна комуникациска мрежа започнува повикотот;
- Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи кои на пазарот на големопродажба “ ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје” им ги нуди на други даватели на комуникациски услуги во Р.Македонија независно од која национална јавна комуникациска мрежа започнува повикотот;
- Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи кои на пазарот на големопродажба “ ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје” им ги нуди на други даватели на комуникациски услуги во Р.Македонија независно од која национална јавна комуникациска мрежа започнува повикотот.

**Прашање 1**: Дали заинтересираните страни се согласуваат со ставот на Агенцијата за електронски комуникации дека постојат три одвоени пазари за големопродажба кои нудат услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје?

*Коментар на ОНЕ*:

*Во утврдувањето на релевантните пазари на ниво на подзаконски акт, ниту во Република Македонија, ниту во ЕУ не е предвидена поделба на релевантниот пазар по оператор. Меѓутоа според практиката регулаторните тела применуваат поделба и притоа утврдуваат дека сите оператори имаат значителна пазарна моќ бидејќи, природно, поседуваат 100% од пазарот за терминација на сообраќај кон своите мрежи. Овој принцип доведува до релативизација на вистинската улога на операторите на пазарот и без разлика на нивната вистинска моќ, се создава впечаток дека тие се рамноправни. Тоа пак понатаму обезбедува да оној оператор кој евентуално има голема доминација на целокупниот пазар има моќ да ги диктира условите на малопродажните пазари кои се под директно влијание на големопродажниот пазар и со тоа да ја зголемуваат својата моќ. Тоа е спротивно на целите и потребите за регулирање на пазарот и поради тоа при утврдувањето на регулаторните мерки како резултат на констатацијата за утврдување на доминантна позиција, Агенцијата треба да посвети исклучително внимание на улогата на операторите на целокупниот пазар и соодветно да наметна мерки кои ќе бидат пропорционални на улогата на операторите. Во оваа прилика би потенцирале дека по претходната одлука за пазарот 16 кај операторот кој вистински доминира е зголемен пазарниот удел што укажува на факт дека треба да се посвети внимание на мерките кои се преземаат и истите да се прилагодат за потребите на создавање на конкурентен, а не поларизиран пазар на кој на една страна е “incumbent” операторот со своја огромна доминација од преку 65%, а на другата страна сите други оператори. Продолжувањето на оваа тенденција очигледно упатува на протекционизам кон “incumbent” операторот.*

**Одговор на коментар*;***
*Агенцијата делумно се согласува со дадениот коментар од страна на операторот и при наметнувањето на обврските ќе ја има во предвид поединечната пазарна моќ на секој пооделен оператор утврдена со анализата, како и Европските Директиви и Препораки кои се однесуваат на различната пазарна моќ на секој оделен оператор.*

# 9 Значителна пазарна моќ

Критериуми за проценка на оператор со значителна пазарна моќ

Согласно член 40, став (4) од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008):

"При проценка дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар, Агенцијата ги има во предвид следните критериуми:

- Уделот што операторот го има на релевантен пазар и промените на неговиот удел на пазарот со текот на времето;
- Ограничувањата за влез на релевантниот пазар и нивниот ефект врз потенцијалната конкуренција;
- Ефектот на куповната моќ на големите корисници врз операторот;
- Технолошките предности;
- Развојот на продажната и дистрибутивната мрежа;
- Економиите на обем или економиите на интеграција;
- Степенот на вертикална интеграција;
- Степенот на диференцијација на производите или

## 9.1 Определување на оператор со значителна пазарна моќ врз основа на релевантните критериуми

### 9.1.1 Уделот што операторот го има на релевантен пазар и промените на неговиот удел на пазарот со текот на времето:

Согласно член 13, став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/2005, 70/2006 и 22/2007):

"Се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговото учество на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40 %, освен ако претпријатието не го докаже спротивното."

На релевантниот пазар 16 – Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи специфично е тоа што, секој од операторите кој што ја нуди услугата за завршување на повик воедно е и единствениот оператор кој може да обезбеди пристап до крајните корисници на својата мрежа. Во моментов во Република Македонија, независно дали се мери врз основа на волуменот на повици или пак врз основа на приходите кои ги остваруваат и трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги, имаат 100 % учество во завршувањето на повиците во сопствените мрежи и АЕК смета дека истиот нема да се промени во наредниот временски период.

Врз основа на горенаведеното, Агенцијата за електронски комуникации смета дека и трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги во моментов имаат доминантна позиција во обезбедувањето на услугата за завршување на повик во сопствената мрежа и таа позиција нема да се промени во наредниот временски период.
Доминантната позиција во обезбедувањето на услугата за завршување на повик во сопствената мрежа воедно укажува на фактот дека секој оператор има можност да делува независно на условите на пазарот во поглед на крајните корисници и останатите оператори. Ставот на Агенцијата за електронски комуникации е дека постојат ограничувањата за влез на овој релевантен пазар, и дека истите нема да се намалат во наредниот временски период. Причините за ваквиот став се објаснети подолу.

### 9.1.2 Ограничувањата за влез на релевантниот пазар и нивниот ефект врз потенцијалната конкуренција:

Постоењето на потенцијална конкуренција на релевантниот пазар може да ги спречи постојните оператори да ги зголемуваат надоместоците над конкурентното ниво. Агенцијата за електронски комуникации го дефинираше релевантниот пазар како пазар за завршување на повик во индивидуална мрежа на секој оператор. Со сегашната технологија која што се користи на пазарите за мобилна телефонија не е возможно ниту еден друг оператор и/или давател на услуги освен операторот и/или давателот на услуги што ја поседува мрежата да нуди услуги за завршување на повик во таа мрежа. Во овој случај на дефинирање на пазарот бариерите за влез на овој пазар се апсолутни и не постои можност за зголемување на конкуренцијата на истиот.
Агенцијата за електронски комуникации смета дека на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи постојат апсолутни ограничувања за влез на пазарот и ваквите ограничувања нема да се намалат во наредниот период. Ваквиот став на АЕК се должи на спроведента анализа според која што не постојат супституiти кои би се наметнале како конкурентна препрека на услугата за завршување на повик во мрежата на определен оператор.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека ограничувањата за влез на овој пазар ја исклучуваат можноста од конкурентен притисок врз постојните оператори на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги.

### 9.1.3 Ефектот на куповната моќ на големите корисници врз операторот:

Куповната моќ не може да се разгледува како основен концепт, бидејќи повеќе се однесува на релативната моќ која ја има купувачот во преговорите со понудувачот на услугите. При определување дали еден оператор има значителна пазарна моќ, не е доволно само купувачот да има куповна моќ, туку е неопходно купувачот со својата куповна моќ да може да влијае на понудувачот на услугата во таква мера, да понудувачот на услугата надоместоците за таа услуга ги определува на конкурентно ниво. Во тој случај понудувачот на услугата нема да има можност да дејствува независно од конкурентите, корисниците и потрошувачите.

Согласно со последниот објавен извештај за развојот на пазарот изготвен од АЕК уделите на трите оператори на пазарот според бројот на активни претплатници (Q2/2009[2]) се презентирани преку следните состојби: Т-мобиле 64,68% по што следува ОНЕ (поранешен Космофон) со 23,37% и ВИП со 11,95%. АЕК утврди дека Т-мобиле и ОНЕ согласно својот удел во вкупниот број на активни претплатници поседуваат ефект на куповна моќ врз операторот, додека операторот ВИП не поседува таква моќ.

Врз основа на расположливите податоци и спроведените анализи, Агенцијата за електронски комуникации дојде до заклучок дека во одсуство на соодветна регулација на пазарот,операторите Т-мобиле и ОНЕ ќе имаат куповна моќ на големи корисници во преговорите со ВИП при определувањето на надоместокот за завршување на повик.

***Коментар на ОНЕ***:

*Следствено на изложувањето во одговорот на првото прашање, изразуваме сериозна забелешка поради произволните оценки на Агенцијата дека Т–Мобиле и ОНЕ поседуваат голема куповна моќ, а ВИП Оператор не поседува. Исто така, се констатира дека и Т-Мобиле и ОНЕ користат придобивки на економии на обем за разлика од ВИП Оператор.*

*Како показател дека овие оценки на Агенцијата не се исправни може да се искористи фактот што пазарниот удел на ОНЕ бележи сериозно опаѓање во последниот период, а уделот на Т-Мобиле е во пораст во пропорцијата со падот на уделот на ОНЕ. Разликата*

[2] Извештај за развој на пазарот за вториот квартал од 2009 година од 22.10.2009

*помеѓу Т-Мобиле и ОНЕ во поглед на нивниот удел е многу поголема отколку помеѓу ОНЕ и ВИП Оператор и поради тоа овие оценки треба задолжително да се преиспитаат.*

*Во заклучокот е наведено дека сите три оператори имаат значителна улога на пазарот. Тоа ја релативизира улогата што Т-Мобиле ја поседува со своите 65% удел и не ја одразува вистинската слика на ефектите на пазарот. Имено според уделот на Т-Мобиле во вкупните приходи на пазарот евидентно е дека сите придобивки се на негова страна, а другите оператори делат многу мала пропорција поради својата подредена улога. Во овие околности исклучително е важен фактот што на пазарот единствено Т-Мобиле покажува профит од работењето, и тоа со огромни профитни маргини, а ОНЕ и ВИП сеуште ги враќаат инвестираните средства. Таквата состојба овозможува Т-Мобиле со агресивни маркетинг активности што е сосема воочливо од резултатите на истражувањата на медиумскиот простор.*

*Според тоа, во понатамошното утврдување на мерки, Агенцијата мора да ги земе овие околности предвид и да не ја повтори грешката од претходната анализа и утврдување на мерки на пазарот 16.*

Одговор на коментар*: Агенцијата цени дека наметнатите обврски после завршената анализа на пазарот за Завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи ќе придонесат до развој на пазарот во целина преку зголемување на конкурентноста и преку потикнување на ефикасноста на секој оператор. За таа цел АЕК започна со развој на сопствен модел базиран на LRIC методологија (bottom up пристап) што преставува широко прифатен модел за пресметка на цени базирани на трошоци, прифатен и имплементиран од страна на бројни регулаторни тела, членки на Европската Унија.*

### 9.1.4 Технолошките предности:

Доколку постојат технолошки предности, тие можат да претставуваат ограничување за влез на потенцијални оператори на пазарот од една страна или предност во однос на постојните конкурентни оператори како резултат на пониските производствени трошоци или разноврсност на производите, од друга страна. Овој крите риум се смета како нерелевантен поради наведените ограничувања кои постојат за влез на овој пазар и кои укажуваат дека постојните оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги, кои нудат услуги за завршување на повик, не се соочуваат со постојана, ниту со потенцијална конкуренција.
Како резултат на тоа, Агенцијата за електронски комуникации смета дека споредбата помеѓу технологиите не е релевантна.

*Коментар на ВИП Оператор:*

*Вип оператор смета дека сепак е потребна споредба помеѓу технологиите за цели на оваа анализа. Вип оператор има значително поголеми трошоци за покривање на државата со сигнал бидејќи наместо вообичаените системи за покривање на територијата (900 MHz) мора истата да ја покрива со употреба на комбинирани системи со повисока фреквенција (на 1800 MHz и 900 MHz). Согласно став (16) на Препораката 3359 на Европската Комисија, при одредувањето на терминациските цени, било која девијација од единечно ефикасно ниво на трошок (single efficient cost level) треба да биде базирана на објективната разлика во трошоци кои се надвор од контролата на самите оператори. За разлика од фиксните мрежи каде не се идентификувани такви објективни разлики во трошоци кои се надвор од контрола на операторите, во мобилните мрежи, невоедначеното доделување на спектарот може да биде земено како дополнителен фактор кој резултира со разлика на основа на секвенцијалниот процес на доделување одобренија за фреквенции како што е во нашиот случај. Така, поради фактот што Вип оператор има помал доделен фреквентен опсег во подрачјето од 900 MHz, принудени сме да користиме фреквенции од опсегот околу 1800 MHz, кои имаат поголемо слабеење што допринесува да имаме поголем трошок при градењето на нашата мрежа утврдено преку потребата да изградиме поголем број на базни станици за да постигнеме доволна односно еквивалентна покриеност и квалитет со оние на доминантните оператори. Во оваа насока дополнително треба да се има во предвид и ексклузивитетот на поволни локации за изградба на радио пристапната мрежа со кој се соочува Вип оператор при изградбата на радио пристапната мрежа, бидејќи воглавно сите добри локации за квалитетно покривање во радио делот, се зафатени од многу порано појавените оператори ТММК и Оне.*

*Од овде Вип оператор и предлага на АЕК да ги земе во предвид погоре наведените технолошки разлики помеѓу Вип оператор на една и ТММК и Оне на друга страна.*

| |
|---|
| **Одговор на коментар***:*<br>*Агенцијата се согласува со дадениот коментар .* |

### 9.1.5 Развојот на продажната и дистрибутивната мрежа:

Со оглед на тоа што инвестицијата за развој и одржување на продажна и дистрибутивна мрежа е голема, може да се јави како ограничување за влез на нови оператори на пазарот, но и како предност во однос на постојните конкуренти.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека овој критериум не е релевантен за пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, бидејќи услугата за завршување на повик се нуди само на купувачите на пазарот на

големопродажба (други мобилни и фиксни оператори) и поради тоа не е потребна високо развиена продажна и дистрибутивна мрежа.

### 9.1.6 Економиите на обем или економиите на интеграција:

Економија на обем постои кога зголемувањето на производството доведува до намалување на просечните трошоци по единица производ. Доколку постои, економијата на обем може да дејствува како ограничување за влез или како предност во однос на постојните конкуренти на пазарот. Агенцијата за електронски комуникации смета дека операторите Т-мобиле и ОНЕ ги користат поволностите кои произлегуваат од економија на обем додека ВИП операторот се уште не користи економија на обем се до оној момент додека истиот не стане минимално ефикасен оператор.

Агенцијата за електронски комуникации дојде до ваков заклучок анализирајќи ги податоците доставени во кварталните извести на трите оператори. Двата оператори Т-Мобиле и ОНЕ кои што имаат поголема база на претплатници од Вип според извештаите имаат многу поголем сообраќај во својата мрежа а со самото тоа и поголем приход од завршување на повик во својата мрежа. За разлика од нив Вип кој има помала база на претплатници, за да го намали својот трошок по единица производ треба да се стреми кон зголемување на својата база на претплатници кое што би довело до зголемување на приходот од завршување на повици во својата мрежа.

Економија на интеграција постои кога просечниот трошок за еден производ се намалува како резултат на заедничко производство на тој производ со други производи кои ги произведува иста компанија. Овој критериум не е релевантен поради ограничувања за влез на пазарот на услуги за завршување на повик кои укажуваат дека постојните оператори не се соочуваат со конкуренција на овој пазар.
АЕК исто така смета дека операторите Т-мобиле и ОНЕ ги користат поволностите кои произлегуваат од економија на интеграција додека операторот ВИП се уште не користи економија на обем се до оној момент додека истиот не стане минимално ефикасен оператор.

### 9.1.7 Степенот на вертикална интеграција:

Вертикалната интеграција може да се јави како ограничување за влез на пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и со тоа да ја зајакне доминантната позиција на постојните оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги. Имено, во моментов во Република Македонија и трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги се вертикално интегрирани гледано од аспект на сопственоста на продажните канали. Како резултат на тоа,

потенцијалниот оператор ќе мора да изгради сопствени продажни канали за да може да им ги продава своите производи и услуги на претплатниците, што значително ќе влијае на зголемување на неговата инвестиција.
Агенцијата за електронски комуникации смета дека, во поглед на големата инвестиција вертикалната интеграција се јавува како ограничување за влез на овој пазар и со тоа ја намалува можноста од конкурентен притисок врз постојните оператори.

### 9.1.8 Степенот на диференцијација на производите:

Агенцијата за електронски комуникации смета дека степенот на диференцијација на производите не е релевантен критериум за пазарот на услуги за завршување на повик, од причина што оваа услуга не е поврзана со останатите. Имено, купувачите на оваа услуга, а тоа се главно операторите на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги немаат друга алтернатива на страната на побарувачката освен оваа услуга да ја купат од операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи и давателите на јавни мобилни комуникациски услуги кои ја обезбедуваат.

## 9.2 Иницијални заклучоци за значителна пазарна моќ на пазарот 16

Врз основа на дефиницијата на релевантниот пазар на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, Агенцијата за електронски комуникации дојде до иницијален заклучок дека постојат одвоени пазари за завршување на повик во мрежите на трите постојни оператори. Тоа значи дека и трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги имаат 100 % учество во завршувањето на повиците во индивидуалните мрежи. Како резултат на недостигот на конкурентни препреки, што беше утврдено со претходно кажаното, секој од операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги има значителна пазарна моќ во обезбедувањето на услугата за завршување на повик во индивидуална мрежа базирана особено на учеството на пазарот, ограничувањата за влез и отсуството на потенцијална конкуренција. Пазарната моќ им овозможува и на трите постојни оператори да се однесуваат независно од конкурентите и потрошувачите.

Врз основа на горенаведеното, Агенцијата за електронски комуникации дојде до иницијален заклучок дека трите оператори имаат значителна пазарна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во сопствената мрежа. Заклучокот се базира пред се на следното:

- Само операторот кој ја нуди услугата за завршување на повик може да ги завршува повиците кон претплатници на неговата мрежа, па според тоа секој од операторите има 100 % учество на пазарот на услуги за завршување на повик на големопродажно ниво;
- Комбинацијата од значителното учество на пазарот ,ограничувањата за влез како и отсуството на потенцијална конкуренција се доволен показател за постоење на пазарна моќ.

Со оглед на напред наведеното, Агенцијата за електронски комуникации дојде до заклучок дека Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје се оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар 16 Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.

.

**Прашање 2**: Дали заинтересираните страни се согласуваат со Агенцијата за електронски комуникации дека трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и даватели на јавни мобилни комуникациски услуги имаат значителна пазарна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во индивидуална мрежа, на големопродажно ниво?

## 10 Обврски на операторите со значителна пазарна моќ

Во продолжение, Агенцијата за електронски комуникации во согласност со Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) и во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на операторите со значителна пазарна моќ: Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, им определува обврски за кои проценува дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.

Врз основа на спроведената анализа на расположивите податоци, Агенцијата за електронски комуникации на Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје им ги наложува следните обврски:

- Интерконекција и пристап,
- Транспарентност при интерконекција и пристап,
- Недискриминација при интерконекција и пристап,

- Посебно сметководство за активности поврзани со интерконекција и пристап,
- Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци за интерконекција и пристап

## Интерконекција и пристап

Согласно член 44 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008 ), операторите со значителна пазарна моќ, одредени со одредбите од Глава петта на овој закон, се должни да ги задоволат барањата за интерконекција и пристап на која било точка во нивните мрежи каде што е технички можно, вклучувајќи и пристап на точки што не претставуваат крајни приклучни точки на мрежата. Со наложување на оваа обврска, Агенцијата за електронски комуникации има за цел овозможување на завршување на повик во сите мобилни мрежи, а со тоа и зголемување на конкуренцијата на релевантниот пазар. Наметната обврска за интерконекцијата се однесува на можноста за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи во РМ.

Агенцијата за електронски комуникации му ја наметнува обврската за интерконекција и пристап на ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје.

Истата обврска Агенцијата со првата анализа им ја наметна на операторите: Т-Мобиле Македонија Акционерско друштво за мобилни комуникации Скопје и ОНЕ (поранешен Космофон), Телекомуникациски услуги АД Скопје и после завршувањето на втората анализа истата продолжува да важи со дополнување за завршување на повици во јавни мобилни комуникациски мрежи во РМ без оглед на применетата технологија.

Горенаведени оператори имаат значителна пазарна моќ при завршување на повик во индивидуална мрежа, што им овозможува да го определуваат нивото на надоместокот на услугата за завршување на повик независно од конкурентите, корисниците и потрошувачите на релевантниот пазар. Ваквата можност на делување на операторите придонесува до намалување и спречување на појавата на конкуренција на овој пазар. Анализата на пазарот на услуги за завршување на повик покажа дека новопојавените оператори немаат алтернативна опција за поврзување на своите претплатници со претплатниците на постојните оператори. Од тука Агенцијата за електронски комуникации смета дека обврската за интерконекција и пристап е неопходна за да се овозможи пристап до мрежите на операторите со значителна пазарна моќ и до нивните претплатници.

Со цел да се спречат непотребни одложувања на меѓумрежното поврзување, на операторите со значителна пазарна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик, согласно член 44 став (2) од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) им се наложува да одговорат на барањата за меѓусебно поврзување на сопствената јавна комуникациска мрежа со мрежите на други оператори во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за интерконекција и пристап.

Со наложување на оваа обврска, ќе се овозможи поврзување на мрежите на Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје и ВИП Оператор Д руштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, како со постоечките така и со потенцијалните оператори и/или даватели на услуги, со што на потенцијалните оператори ќе им се овозможи пристап до претплатниците на трите горенаведени оператори и обратно.

### Траспарентност при интерконекција и пристап

Агенцијата за електронски комуникации согласно член 45 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), заради обезбедување на траспарентност при интерконекција и пристап, ќе ги задолжи операторите со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар да објавуваат информации за техничките спецификации, карактеристики на мрежите, условите за користење, цените и други податоци во врска со интерконекцијата и/или пристапот.

Операторите со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар, Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, се должни во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлука со која се определени за оператори со значителна пазарна моќ да достават до Агенцијата за електронски комуникации предлог на Референтна понуда за интерконекција, која мора да биде доволно детална за да можат другите оператори што бараат специфична услуга поврзана со интерконекција, да не плаќаат за средствата што не се потребни за бараната услуга.

Оваа обврска и претходно им беше наметната со првата анализа на пазарот за завршување на повик на операторите Т – Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и ОНЕ (поранешен Космофон), Телекомуникациски услуги АД Скопје, Скопје и истата останува во сила.

Референтната понуда за интерконекција мора да содржи опис на услугите што ги нуди операторот со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар во врска со

интерконекција и/или пристап, расчленета на мали составни делови согласно пазарните потреби и услови, вклучително и цените што се однесуваат на нив.

При изготвувањето на референтните понуди за интерконекција, операторите со значителна пазарна моќ се должни да работат согласно Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување ("Службен весник на Република Македонија", бр. 154/2008).

Агенцијата за електронски комуникации ги одобрува референтните понуди за интерконекција на операторите со значителна пазарна моќ во рок од 30 (триесет) дена од денот на нивното доставување до Агенцијата, а операторот ја објавува референтната понуда во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на одобрение од Агенцијата.

Агенцијата за електронски комуникации може да побара од операторите со значителна пазарна моќ, да извршат измена на одобрената референтна понуда, односно да подготват и достават обновени и ажурирани референтни понуди како што налагаат условите на пазарот, односно прописите согласно Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), а операторите можат да го сторат тоа и по нивна сопствена иницијатива.

АЕК наметнувајќи ја оваа обврска сака да обезбеди запознавање со техничките карактеристики и надоместоците, како за постојаните така и за сите потенцијални оператори и даватели на услуги на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни мрежи.

### Недискриминација при интерконекција и пристап

Согласно член 46 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008 ), Агенцијата за електронски комуникации ќе ги задолжи определените оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар, Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје да обезбедат еднаков третман за интерконекција и/или пристап.

Оваа обврска која и претходно им беше наметната со првата анализа на операторите Т – Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и ОНЕ (поранешен Космофон), Телекомуникациски услуги АД Скопје останува во сила и после завршувањето на втората анализа на овој пазар.

После спроведената анализа Агенцијата за електронски комуникации смета дека ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје треба да се задолжи да обезбеди еднаков третман за интерконекција и/или пристап како и останатите мобилни оператори.

Со наложувањето на оваа обврска операторите со значителна пазарна моќ се должни да обезбедат квалитетни услуги и информации за другите оператори во однос на интерконекцијата и/ или пристапот според исти услови како што тоа го прават за сопствените услуги, или за нивните подружници или партнери.

### Посебно сметководство

Согласно член 47 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008 ) и согласно Правилникот за начинот на водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап, ("Службен весник на Република Македонија", бр. 112/2008), операторите со значителна пазарна моќ на релевантен пазар, Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ, Телекомуникациски услуги АД Скопје водат посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап, што претставува основа за определување на цени ориентирани според трошоци.

Обврската за посебно сметководство која што после првата анализа на пазарот за завршување на повик им беше наметната на операторите Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и ОНЕ (поранешен Космофон), Телекомуникациски услуги АД Скопје останува да важи и после завршување на втората анализа на овој пазар.

После спроведената анализа Агенцијата за електронски комуникации смета дека ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје треба да се задолжи да води посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап што преставува предуслов за определување на цени ориентирани според трошоци.

Агенцијата за електронски комуникации е на став дека со оваа обврска ќе се обезбеди доставување на извештаи за посебно сметководтсво за активностите поврзани со услугата за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.

## Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци

Согласно член 48 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008 ) и согласно Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивно објавување, Агенцијата за електронски комуникации може да му наметне на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар обврска, висината на цените и услугите да бидат базирани на реални трошоци. Оваа обврска означува дека цените за интерконекција ќе бидат определени според трошоците, карактеристиките и можностите што ќе бидат вклучени во сметководствените системи за трошоци.

Оваа обврска продолжува да важи за операторите Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и ОНЕ (поранешен Космофон), Телекомуникациски услуги АД Скопје кои беа определени за оператори со значителна пазарна моќ по објавувањето на првата анализа на пазарот за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги.

После спроведената анализа оваа обврска му се наметнува и на ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје.

Според обврската за цени ориентирани според трошоци операторите, Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје и ВИП Оператор Друштво за комуникациски услуги ДООЕЛ Скопје имаат обврска да покажат дека цените се базирани на трошоци и дека во нив е вклучена и стапката за поврат на инвестицијата, базирани на LRIC методологија, во согласност со Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување.

Според член 48 став 5 од Законот за електронските комуникации каде што е наведено дека Агенцијата за електоронски комуникации може да користи сметководствени методи кои се независни од оние кои ги користат операторите, Агенцијата за електронски коминикации со подршка на надворешни консултанти развива свој сопствен LRIC bottom up модел за пресметка на цени.
Надоместоците за завршување на повик кои ќе се добијат како резултат на разработката на овој модел согласно презентираната динамика пред операторите, ќе се имплементираат по завршување на јавната расправа.

Агенцијата за електронски комуникации при наметнувањето на оваа обврска ќе ги земе во предвид препораката од Европската Комисија [3] и заеднички став [4] на земјите членки на ERG.
Агенцијата за електронски комуникации е на став дека наложувањето на оваа обврска значително ќе се одрази на нивото на конкуренција на пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи и ќе доведе до намалување на значителната пазарна моќ на постојните оператори.

**Прашање 3**: Дали се согласувате дека горенаведените обврски се ефикасни и соодветни за трите оператори со значителна пазарна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи?

***Коментар на ОНЕ***:

*Сите мерки се наметнуваат на сите три оператори и со тоа се обезбедува рамноправност на операторите. Во таа насока очекуваме дека во одобрувањето на Референтните понуди, Агенцијата ќе ја одржи рамноправноста и за специфичните услови на операторите ќе ги утврди и условите. Притоа очекуваме објективно утврдување на висината на надоместокот за терминирање согласно трошоците утврдени по LRIC методологија и реализираните волумени на услуги.*

**Одговор на коментар:**

*Висината на цените на регулираните услуги, предмет на оваа анализа се определува во согласност со Законот за електронски комуникации и подзаконските акти донесени врз негова основа кои детално ја уредуваат таа материја. Воедно, во соогласност со Законот за електронски комуникации член 48 став 5 АЕК при утврдување на усогласеноста на обврската за цени ориентирани според трошоци, обврска на која подлежат операторите со значителна пазарна моќ може да користи сметководствени методи кои се независни од оние кои ги користат операторите. За таа цел АЕК развива bottom- up LRIC модел кој го развива како модел кој се базира на мрежни инженерски модели кои користат најнова технологија на ефикасен начин. Бидејќи bottom-up пристапот користи инженерски модели, не мора да се базира на постоечката мрежна топологија на операторот.За потребите на развојот на моделот АЕК достави Прашалник со барања за податоци , кои се земени во предвид при развојот на истиот. Развојот и имплементацијата на резултатите од развиениот модел ќе бидат предмет на јавна расправа во рок предвиден со ЗЕК. По завршување на јавната расправа, АЕК во консултација со заинтересирантие страни ќе ја определи висината на цената на услугата завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи, предмет на оваа анализа.*

[3] Извор: COMMISSION RECOMMENDATION on the Regulatory Treatment of Fixed and Mobile Termination Rates in the EU C(2009) 3359 final

[4] Извор: ERG (07) 83 final 080312

*Коментар на ВИП Оператор:*

*Што се однесува до првите три обврски (интерконекција и пристап, транспарентност при интерконекција и пристап и недискриминација при интерконекција и пристап), Вип оператор ја известува АЕК дека досега секогаш постапувал транспарентно и недискриминаторски по сите барања за интерконекција со нашата мрежа, при што биле прифатени сите барања кои биле во согласност со релевантните одредби од Законот за електронските комуникации релевантните подзаконски акти, а кои имале техничка и финансиска оправданост. Воедно техничките и комерцијалните услови кои ги нудел Вип оператор секогаш биле исти за сите сегашни и потенцијални наши интерконекциски партнери.*

*Од друга страна пак во врска со обврската за Посебно сметководство за активности поврзани со интерконекција и пристап, би сакале да се повикаме на членот 1.1.3 од делот 2 на ERG (07) 83 final 080312, каде меѓу другото стои:*

> Accounting separation was imposed to at least one operator in 17 countries to enforce this obligation (from the 28 countries having answered to our questionnaire). This obligation can be differentiated by operators to impose a less strict accounting obligation (or none) to smaller operators (as for example in Belgium, Finland and Latvia)

*Додека пак, во членот 1.2.1 од вториот дел на истиот документ за обврската контрола на цена и обврска за сметководство на трошоци за интерконекција и пристап стои:*

> Concerning price control obligations, 21 countries of the 28 having answered to our questionnaire indicate that they imposed a cost orientation at least on the first mobile operator having entered the market. For later entrants, the price control obligation can sometimes take the form of a "non-excessive" or "fair and reasonable" price rule (e.g. Sweden, French oversees territories).

*Очигледно е дека постојат исклучоци кога станува збор за наметнување на последните две обврски или пак разни олеснувања во низа земји во Европа кои важат за последно појавените оператори и малите оператори. За ова сведочат и податоците од приложената "Table 1 - SMP designation on market 16/2003 – Last entrant(s) on the mobile market, Last update: February 2010", од Cullen International, според која во земји како Данска, Италија, Луксембург, Холандија, Шпанија и Велика Британија, на последно појавениот оператор не му била веднаш наметната обврската за контрола на цени заедно со прогласувањето за оператор со значителна пазарна моќ на пазар 16. Вип оператор апелира до АЕК внимателно да се земат во предвид националните специфики во овие земји и соодветно да ги примени од случајот кој најмногу соодветствува на случајот Вип оператор. Во оваа насока советува и Европската Регулаторна Група во член 1.5.2 од горе споменатиот документ во врска со различна имплементација на регулаторните обврски кои довеле и до различни цени за завршување на повик во мобилни мрежи:*

These differences in MT tariffs can partly be explained by national specificities, but they also rely on differences between practices and principles followed by NRAs.

*Поинаку кажано, потребна е внимателна проценка на тоа кои обврски и во каква форма ќе се применат врз најмалиот оператор особено од аспект на неговиот надоместок на интерконекција имајќи ги во предвид спецификите кои важат во Р. Македонија (на пример, времето на појавување на Вип оператор во однос на ТММК и Оне, условите за интерконекција кои му биле наметнати при започнувањето со работа, сатурацијата на пазарот во времето на појава, технолошките разлики и сл.)*
*Воедно Вип оператор и предлага на АЕК, јасно да потенцира дека, типот на својот сопствен LRIC bottom up модел за пресметка на цени кој АЕК го развива со подршка на надворешни консултанти, не претставува т.н. хибриден модел во кој bottom-up моделот би се калибрирал со податоци обезбедени од операторите. Ова пред се да се исклучат субјективни податоци доставени од стрна на ТММК и Оне во врска со нереални трошоци и со цел да се добијат нивните надоместоци за интерконекција базирани на реални трошоци исклучиво во врска со интерконекција и пристап.*

Одговор на коментар:
*Агенцијата би сакала да потенцира дека при донесувањето на Одлуките за определување на оператори со значителна пазарна моќ, а особено определувањето на обврски на операторите со значителна пазарна моќ ги има во предвид сите Европски Препораки и Директиви и истите соодветно ќе бидат прилагодени на условите на пазарот во Р.Македонија Од друга страна АЕК заедно со консултантите обрнува посебно внимание да презентираните информации во прашалникот доставени до операторите како соодветни импутни во моделот, кореспондираат со меѓународните-пазарни споредбени показатели и на тој начин презентирајќи ги реалните трошоци за секој импут во моделот. Воедно АЕК потенцира дека моделот за пресметка на цени базирани на трошоци ќе биде предмет на јавна расправа и имплементацијата на резултатите ќе биде направена во консултација со заинтересираните страни.*

***Коментар на АКТОН ДООЕЛ:***

*По основ на прашањето 3, од стр. 39 од Нацрт документот, АКТОН ДООЕЛ се согласува дека обврските наведени во нацрт – документот се ефикасни и соодветни за трите оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи со значителна пазарна моќ, Но на услуга која експлицитно и јасно треба да го објасни карактерот на самиот повик, како – " Услуга за завршување на национален, меѓународен и транзитен повик во јавните мобилни комуникациски мрежи "*

*Значи, бараме да се јасно да се дефинира пазар 16 , како збир на 3 услуги:*

*- Услуги за завршување на повик од национални мрежи во јавни мобилни комуникациски мрежи*

*- Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи кој потекнува од мрежи на странски оператори*

*- Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи кои транзитираат преку друга национална мрежа*

*и на тој начин интерконекциската цена за трите оператори на јавни мобилни мрежи ќе биде регулирана од страна на АЕК.*

*Причините за ова досега сме ги истакнале на неколку наврати со наши дописи до Вас, но пак ќе ги истакнаме:*

*- усогласување со директивите и насоките од Европската комисија (ЕС 97/33/ЕС, ЕС 2002/19/ЕС, ЕС 2002/77/ЕС), кои ги дефинираат правилата за SMP операторите,*

*- цената за терминација на национален сообраќај во мрежите на SMP мобилните оператори е позната (3.8 ден. како трошковно насочена цена), тоа значи дека е изработена врз основа на калкулација на трошоците на SMP мобилните оператори за таа услуга и имајќи во предвид дека трошоците се исти од страна на SMP мобилните оператори, не треба да постои разлика помеѓу цените за терминација на национални и меѓународни повици. Сето горенаведено е и во согласност со мислењето на Комисијата за заштита на конкуренција, доставено до Агенцијата за електронски комуникации и кое е интегрален дел од Нацрт документот за анализа на пазар "ПАЗАР 16 – Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи (релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо). Затоа, уште еднаш, бараме од Вас, во согласност со Законот за електонски комуникации, член 43 и член 45, веднаш да се покрене постапка за дополнување на пазар 16 и регулација на истиот во тој сегмент.*

**Одговор на коментар:**

*Агенцијата за електронски комуникации по основ на овој коментар би сакала да истакне дека смета дека со регулација на тој сегмент нема да се постигне понатамошна експанзија на пазарот на електронските комуникации, ниту ќе се зголеми бенефитот на крајните корисници. Исто така АЕК смета дека со регулација на овој сегмент нема да се постигне зголемена конкурентност на пазарот и домашните операторите би биле дискриминирани и ставени во понеповолна положба при преговарањето за склучување на договори со странските оператори. По извршените дополнителни консулатации и понудени аргументи од страна на АЕК Комисијата за заштита на конкуренцијата се согласува со ставот дека услугата за завршување на повици во јавни комуникациски мрежи кои потекнуваат од странски држави, а транзитираат преку друга национална мрежа и завршуваат во јавните мобилни комуникациски мрежи на домашните оператори во моментот не треба да биде сегмент опфатен во дефиницијата на пазарот бр 16– Услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.*